Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје

Филозофски факултет

Институт за историја на уметноста и археологија

Магистерски труд

# Ранохристијанската архитектура на територијата на Косово

Кандидат:

Зана Хоџа

Ментор:

Проф. Д-р Елизабета Димитрова

Скопје, 2019

***Предговор***

Темата на мојата магистерска теза, изработена во текот на моите студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, под менторство на истакнатата Проф. Д-р Елизабета Димитрова е ранохристијанската архитектура на територијата на Косово. Пишувањето на магистериумот започна на крајот на 2017 година, а истата беше завршена на почетокот на 2019 година.

Изборот на оваа тема за предмет на истражување се должи на мојата пасија/наклонетост кон рановизнатискиот период во текот на додипломските студии на Универзитетот „Аристотел“ во Солун. Воедно, мојата љубов и поврзаност со археологијата, која уште од мали нозе почна да расте преку археолошкиот локалитет Улпиана, дополнително придонесе кон желбата за продлабочување на знаењето за овој период. Христијанската уметност и археологија има оставено огромни траги на развојот на архитектурата до денешни дни. Имајќи го предвид недостатокот на истражување и документирање на овој значаен период на територијата на Косово, овој фактор дополнително придонесе кон избирањето на оваа тема. Искрено се надевам дека мојот труд ќе ги прошири сознанијата за овој период.

Истражувачкиот процес имаше и свои потешкотии, кои успешно беа надминати со труд и посветеност, и секако со помошта и поддршката на мојот ментор, моето семејство и колегите. Најпрво, би сакала да им се заблагодарам на моите родители што секогаш веруваа во мене. Потоа би сакала да му се заблагодарам на мојот сопруг за неговото трпение во текот на ова патување. Особена благодарност упатувам и кон мојата поширока фамилија која ми даде поддршка во овој процес. Конечно, огромна благодарност упатувам и до мојот ментор. Не можев ниту да посакам подобар ментор од Проф. Д-р Елизабета Димитрова, која ми даде огромна поддршка и насоки во изработката на мојата магистерска тема. На самиот крај би сакала да истакнам дека сум многу среќна и благодарна што сум окружена со многу прекрасни луѓе во мојот живот.

## 1. Содржина

Предговор ........ 2

Кратенки ........ 6

Вовед ........ 7

2. Методологија ........ 10

2.1. Анализа на историските податоци и други достапни документи од претходните рекогносцирачки евиденции и археолошки ископувања ........ 10

2.2. Археолошко мапирање: евидентирање/снимање на целокупните информации за секој објект во специјална дата-база; ........ 11

2.3. Презентирање и анализирање со помош на ГИС системот ........ 13

3. Географски карактеристики на регионот ........ 14

4. Историски прилики во регионот ........ 17

5. Воведување на христијанството во Дарданија ........ 25

6. Ранохристијанската архитектура ........ 28

7. Ранохристијански градби на Косово ........ 31

7.1.1. Црквата во Бела Црква ........ 35

7.1.2. Ранохристијанска црква во Кориша ........ 37

7.1.3. Ранохристијанска црква во Врела ........ 41

7.1.4. Црковен комплекс во Студеница ........ 44

7.1.5. Ранохристијанска црква во Ариљача ........ 47

7.1.6. Ранохристијанска црква во Никадин ........ 51

7.1.7. Траги од црквата во Боб ........ 52

7.1.8. Траги од црквата во Стрезоц ..... 53
7.1.9. Ранохристијанска црква во Хисар ..... 55
7.1.10. Ранохристијанска црква во Врбница ..... 58
7.1.11. Ранохристијанска базилика во Улпијана ..... 62
7.1.12. Меморија во Улпијана ..... 64
7.1.13. Епископска базилика во Улпијана ..... 66
7.1.14. Баптистериум во Улпијана ..... 69
7.1.15. Мартириум во Бањица ..... 70
7.2. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2006 година ..... 72
7.2.1. Траги од стара црква во Црмљане ..... 74
7.2.2. Урнатини од ранохристијанска црква во Липовац ..... 75
7.2.3. Средновековна црква во Јахоц ..... 76
7.2.4. Траги од црква во Јанчишта ..... 77
7.2.5. Црква во Ладровац ..... 78
7.2.6. Црква во Бубавец ..... 79
7.2.7. Црква во Крушевац ..... 80
7.2.8. Траги од црква во Пустосело ..... 81
7.2.9. Траги од црквата во Дреновац ..... 82
7.2.10. Траги од црквата во Петковиќ ..... 83
7.3. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2012 година ..... 84
7.3.1. Римската црква во Горен Драговац ..... 86
7.3.2. Траги од црквата во Беланица ..... 87
7.3.3. Траги од црквата во Церце ..... 88
7.3.4. Траги од црквата во Синаја ..... 89
7.3.5. Големата црква (црквата во Радец) кај Резала ..... 90
7.3.6. Стара црква во Србица ..... 91
7.3.7. Траги од црква во Добрашец ..... 92
7.3.8. Траги од црквата во Трстеник ..... 93
7.3.9. Траги од црквата во Долна Фушица ..... 94
7.3.10. Траги од црквата во Долна Коретица ..... 95
7.3.11. Средновековна црква во Смерковница ..... 96
7.3.12. Урнатини од ранохристијанска црква во Бајице ..... 97
7.4. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2017 година ..... 98

7.4.1. Траги од црквата во Гребно ........ 100
7.4.2. Ранохристијанска црква во Паледеоница ........ 101
7.4.3. Траги од црква во Режаница ........ 102
7.4.4. Траги од црква во Секишта ........ 103
7.4.5. Траги од црква во Крилево ........ 104
7.4.6. Црква во Комоглава ........ 105
7.4.7. Римска црква во Плешиња ........ 106
7.4.8. Манастир Лештар ........ 107
7.4.9. Црква во Језерце ........ 108
8. Презентација и ширење на ранохристијанската архитектура ........ 109
9. Заклучок ........ 116
10. Список на мапи ........ 123
11. Библиографија ........ 124
12. ПРИЛОГ 1: Табела на документирани археолошки локалитети ........ 131

***Кратенки***

| | |
|---|---|
| AMK | Археолошка карта на Косово |
| DTK | Датабаза на културното наследство |
| CMS | Културно наследство на Србија |
| MCYS | Министерство за култура, младина и спорт |
| AIK | Археолошки институт на Косово |
| MK | Музеј на Косово |
| UP | Универзитет во Приштина |

***Вовед***

Територијата на Косово се наоѓа на раскрсницата на Источното и Западното Римско Царство. Токму поради тоа новата религија, христијанството, на Балканот се појавува релативно рано. Археолошките траги од споменици се појавуваат до крајот на IVвек. И покрај фактот што многу истражувачи работеле на локалитетите од овој период, сепак, до овој момент не е изготвен целосен преглед на христијанската архитектура. Преку овој проект, ранохристијанската архитектура ќе биде документирана, класифицирана и претставена според типот, хронологијата и локацијата.

Како млад истражувач, мојата цел беше да ја започнам кариерата со документирање, класификација и презентација на периодот кој ќе биде фокус на мојот понатамошен професионален ангажман. Воедно, овој труд ќе им биде полезен и на други истражувачи кои се занимаваат со овој период од причина што до сега сме наидувале единствено на општи теренски анализи на овие археолошки локалитети.

Ова истражување ќе се фокусира на периодот од Доцната антика до Рановизантиското време. Притоа, главниот акцент ќе биде ставен на појавата на христијанството, и следствено на религијата и на нејзината уметност и архитектура. Рамките на овој труд ќе бидат во периодот од IVдо VI век. Тезата, како проект, ќе ги анализира сите собрани информации со цел да се добие целосна слика за архитектонското творештво од споменатото време, за да се разбере ширењето на христијанската вера преку археолошките наоди на терен.

- Миланскиот Едикт, официјален документ кој засекогаш ја етаблирал религиозната толеранција на христијанството во рамки на Римското Царство, довел до процут на оваа религија и повторно раѓање на уметноста и архитектурата.
- Помеѓу првите маченици за христијанството во Дарданија до крајот на II век се Флор и Лавр, ѕидари од Улпијана.

- Општоприфатено е мислењето дека Дарданија, со Скупи како главен град, имала сопствена независна црква веќе во 325 година, од причина што на списокот на Епископи присутни на Васеленскиот собор во Никеа бил потпишан Dacus Dardanae од Скупи.

- Уште еден значаен настан во ранохристијанскиот период е земјотресот од 518 година кога најголем дел од градовите биле уништени. За среќа, поголем дел од овие градови биле обновени со заложбите и градителските активности на царот Јустинијан.

На тој начин, можеме да заклучиме дека во овој период религиозните градби се веќе присутни на територијата на Дарданија. Статус на културно наследство од Доцно-античкиот и Ранохристијанскиот период имаат вкупно 105 споменици, од кои 22 се цркви од овој период. За археологијата во Косово е од особено значење овие локалитети да бидат истражени.

Овој истражувачи труд ги користеше следните пишани извори: античките писатели кои соодветно ќе бидат претставени во понатамошниот текст, документацијата на патеписците во овој регион кои ги спомнуваат археолошките локалитети: (A. Boue, E. Celbi, A. Giljeferding, G.Hahn, G.M. Mackenzie, A. P. Irby, A. Evans) и достапните археолошки извештаи од почетоците на археолошките истражувања на Косово пред Втората светска војна, до денес.

Работата на археолозите во времето на СФР Југославија (E. Cerskov, M. Parovic-Persikan, S. Fidanovksi, F.Peja, K. Luci) ни даваат детално документирани археолошки извештаи на различните локалитети од овој период, како и солиден преглед на античките писатели и патеписци. Во поглед на периодот по војната на Косово, од 1999 година до денес, Археолошките карти на Косово (том I, II и III), ни служат како водич за повеќето археолошки локалитети во Косово.

Во продолжение, работата на локалните истражувачи (K. Luci, M. Berisha, E. Shukriu, F.Peja, A. Hajdari ect.), како и на меѓународните археолози (C. Haluk, R. Gauss, M. Helfer, F. Teichner) на локалитетите од овој период се исто така публикувани во

завиден број. Користејќи ги гореспоменатите извори и публикации, целта на овој труд ќе биде да презентира јасен преглед на христијанската архитектура во текот на Рановизантискиот период на територијата на Косово.

Магистерскиот труд опфаќа тринаесет поглавја: првите три содржат општи информации кои ќе послужат за подобро разбирање на истражувањето. Меѓу нив, ова поглавје дава детален преглед на методологијата на истражување користена за овој проект. Со цел темата да биде подобро образложена, приложено е и резиме на географските карактеристики на регионот, проследено со општ преглед на историјата на регионот во истражуваниот период. Главниот дел на тезата се состои од поглавја кои го појаснуваат етаблирањето и ширењето на христијанството на територијата на Косово, како и преглед на елементите на ранохристијанската архитектура. Дополнително, тезата презентира детална разработка на постоечките градби на ранохристијанската архитектура и дава анализа на различните аспекти на градбите. Во продолжение, сите расположиви информации во дата-базата се ставени во ГИС софтвер, со што ќе бидат создадени соодветни мапи од аспект на типологијата, локацијата и времетраењето на објектите. Конечно, дополнителната документација која ќе биде оценета како корисна исто така ќе биде додадена на овој документ.

## *2. Методологија*

Главна цел на овој проект е да ја претстави архитектурата на ранохристијанскиот период на Косово. За таа цел беа користени три главни методи:

1. Анализа на историските податоци и другите достапни документи од претходните рекогносцирачки евиденции и археолошки истражувања;
2. Археолошко мапирање: евиденција на сите достапни информации за секој објект во дата-базата;
3. Презентирање и анализа со помош на ГИС систем кој понатаму ќе служи како колекција, „депо“, за анализа и презентација на просторните информации.

Методите користени за ова истражување ќе помогнат да се претстави просторното ширење на ранохристијанските градби во текот на рановизантискиот период. Истражувањето, во рамки на оваа магистерска теза ќе биде претставено преку различни форми.

### 2.1. Анализа на историските податоци и други достапни документи од претходните рекогносцирачки евиденции и археолошки ископувања

Археолошките карти на Косово (том I, II и III) беа користени како основа при документирањето на локалитетите[1]. Од причина што овие три тома опфаќаат само 80% од целата територија на Косово, додека останатите 20% сеуште не се истражени, само археолошките локалитети кои се истражени и публикувани се обработени во овој труд.

[1]Првиот том бил изготвен од страна на Институтот за археологија во Тирана и Музејот на Косово, под покровителство на косовската Академија за науки и уметности и Академијата на науки и уметности на Албанија. Првиот том ги опфаќа следните општини: Дечани, Драгашим Ѓаково, Исток, Клина, Милешево, Пеќ, Призрен, Раховец и Шухарека. Вториот и третиот том биле изготвени од страна на Институтот за археологија на Косово, под покровителство на Министерството за Спорт, младина и култура. Општините кои се опфатени во овие два тома се: Исток, Скендерај, Дренас (Глогоц), Вуштри, Кастриот (Обилиќ), Фуше Косово, Липљан и Штиме. Првиот и вториот том се фокусираат на западниот и централниот дел од територијата на Косово, потоа рамнините Дукагини и Дреница, а делумно и рамнината Косово. Третиот том се фокусира на рамнините Косово и Анаморава, како и на следните општини: Урошевац, Ѓилан, Хан и Елезит, Качаник, Каменице, Клокот, Партеш, Ранилуг, Штрбце и Вити. Овие три тома покриваат речиси 80% од територијата на Косово.

Важно е да се нагласи дека за секој локалитет од овој период кој е заведен во Привремената евиденција на споменициите на културното наследство на MYCS, е направено посебно истражување. Притоа, треба да напоменеме дека сите публикувани археолошки извештаи за локалитетите од овој период беа разгледани и користени во создавањето на овој труд.

Како следен чекор во изработката на овој труд, во продолжение на современите извештаи од евиденциите и археолошките извештаи, фокусот беше ставен на античките писатели, особено на Прокопиј од Цезареа, како и на документацијата на патеписците во регионот кои ги споменуваат археолошките локалитети од периодот кој е тема на интерес на овој труд: (A. Boue, E. Celbi, A. Giljeferding, G.Hahn, G.M. Mackenzie, A. P. Irby, A. Evans), а воедно беа анализирани и достапните археолошки извештаи од почетоците на ископувањата на Косово пред Втората светска војна, до денес.




Слика 1. Археолошка карта – Том 1, 2 и 3

2.2. Археолошко мапирање: евидентирање/снимање на целокупните информации за секој објект во специјална дата-база;

Сите собрани информации во текот на оваа прва фаза ќе бидат дигитализирани и ставени во дата-база. Креираната матрица за внесување се состои од 16 полиња за

текст и поле за вметнување на фотографија (слика 2). Првите полиња го опфаќаат *Името* на објектот[2]. Од причина што се занимаваме со просторна презентација, следните четири полиња се однесуваат на *Општината, населеното место* и точните координати на локалитетите *(X,Y)*[3]. Секој евидентиран објект е заведен или како објект под привремена заштита или заштитено добро, додека објектите кои не се евидентирани се заведени со ознака “n/a”. Објектите исто така се поделени и според степенот на истраженост, односно дали се идентификувани преку рекогносцирање или археолошки истражувани. Притоа, станува очигледно дека идентификуваните објекти не поседуваат доволно инфромации, но сепак тие се презентирани во извештаите на рекогносцирачките евиденции.

| | | |
|---|---|---|
| Name | | |
| Municipality | | |
| Village | | |
| Y | | |
| X | | |
| Statute | | |
| Research | | |
| Period | | (photo of the site) |
| Dimensions | | |
| Aisle | | |
| Orientation | | |
| Shape | | |
| Apse | | |
| Narthex | | |
| Exonarthex | | |
| Lifespan | | |

Слика 2. Датабаза од снимањето на објектите

*Периодот, Димензиите, Број на бродови, Ориентаија, Форма, Нартекс, Егзонартекс* и *Период на функционирање* ќе бидат внесени во соодветните полиња доколку постојат достапни информации во гореспоменатите извори. Доколку нема достапни информации ќе биде наведено „Необработено“. Овие полиња ќе послужат во

[2] Имињата се превземени од Привремената листа на споменици на културното наследство кои се ставени под заштита; доколку локалитетите немаал законска заштита името беше превземено од изворот за информацијата за локалитетот.
[3] Координатите се превземени од Археолошката карта на Косово.

определувањето на општите типологии.

## 2.3. Презентирање и анализирање со помош на ГИС системот

Целокупните информации од дата-базата беа вметнати во ГИС софтвер со што беа создадени мапи за соодветните цели на истражувањето. Најпрво ќе биде креирана мапа со сите локалитети, а потоа ќе следат мапите кои се идентификувани во текот на истражувањето на трите тома на рекогносцирачките евиденции. Врз основа на добиените резултати, магистерската теза ќе ги содржи споредбите на собраните податоци и на подаоците од регионот.

Во текот на првата и втората фаза на истражувањето, кабинетската и теренската работа покажаа дека со цел да се овозможи јасна претстава, магистериумот треба да се состои од тринаесет поглавја: првите три ќе содржат општи податоци за истражувањето, додека главниот дел на овој труд ќе започне со општ преглед на историјата на регионот во периодот кој го истражуваме, етаблирањето и ширењето на христијанството, како и преглед на елементите на ранохристијанската архитектура. Во продолжение на тезата ќе следи и детална обработка на постојните објекти од ранохристијанската архитектонска продукција и анализа на различните аспекти на објектите. Тезата ќе биде заокружена со заклучоци и дополнителни документи кои беа оценети како важни за истражувањето.

## 3. *Географски карактеристики на регионот*

Според археолошките остатоци, првите траги на живот на територијата на Косово припаѓаат на Каменото доба.[4] Од овие почетоци територијата на Косово била населена во континуитет. Со цел да се разбере периодот, како и ширењето на религијата на Косово, треба да бидат опишани и гео-морфолошките карактеристики на Косово. Ова поглавје главно ќе се задржи на природните и државните граници на земјата, на климата, топографијата, со акцент на двете доминантни рамнини во Косово и високите планински предели и хидрографијата, со акцент на главните реки и езера.




Слика 3. Мапа на Косово (www.mapsoftheworld.com, 2013)

[4] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 38.

Косово се наоѓа во југо-источниот дел на Европа, поточно на Балканскиот полуостров, со што земјата има значајна географска и геополитичка позиција. Зафаќа територија од 10.877км$^2$. Овој дел од Европа има директни контакти со три континенти: Европа, Азија и Африка, со што територијата добива значајно место во комуникацијата помеѓу различните делови на светот од антиката до денес. Територијата на Косово е копно, обиколено со териториите на Албанија, Република Македонија, Црна Гора и Република Србија. Косово е опкружено со планинските венци на Карадак, Шар Планина, Проклетие и се протега на две рамнини: Косовската рамнина и Метохија.[5]

Почвата на Косово е многу плодна, со полиња користени за земјоделство и мноштво шуми. Производството на житарици, разни овошја и зеленчуци е доста развиено на ова плодно тло. Територијата на Косово е исто така покриена и со ливади, пасишта и шуми [6]. Имајќи предвид дека територијата на Косово е релативно мала, различните видови на релјеф ја направиле податлива за населување уште од периодот на Неолитот.

Косово е земја обиколена со копно и нема излез на море. Сепак, таа е значително богата со копнени води, извори, реки, езера, термални води и минерални води. Локалните сливови обезбедуваат 90% од водените ресурси на Косово. Главни реки на Косово се: Бел и Црн Дрим, Ситница, Ибар, и Лепенец, кои се влеваат во три морињa: Јадранското, Егејското и Црното Море[7]. Сместено во југо-источна Европа, Косово припаѓа на граничниот регион на средниот Медитеран и средно-континенталните влијанија. Другите фактори, како надморската височина и релјефот, се одразуваат на косовската клима. Така, Косово има континентална клима со четири годишни времиња, со многу сончеви денови и значително количество на врнежи од дожд и снег[8].

[5] Pruthi, Vahdet. "Geographical position." In *Kosovo- A monographic survey*, by Kosovo Academy of Science and Art, Prishtina: Kosovo Academy of Science and Arts, 2013, 23-28.
[6] Pruthi, Valdet. "Morphological and Pedological Features." In *Kosovo - A mongraphic survey*, by Kosovo Academy of Science and Arts, Prishtina: Kosovo Academy of Science and Arts, 2013, 28-34.
[7] Pllana, Ruzhdi. "Water." In *Kosovo- A monographic survey*, by Kosovo Academy of Science and Art, Prishtina: Kosovo Academy of Science and Arts, 2013, 40-49.
[8] Pllana, Ruzhdi. "The Climate." In *Kosovo- A monographic Survey*, Prishtina: Kosovo Academy of Science and Arts, 2013, 50-56.

За крај би потенцирале дека повеќе фактори придонеле оваа територија да биде податлива за живот. Најпрво геостратешката позиција, на крстосницата помеѓу истокот и западот. Потоа, разновидниот релјеф кој служел како средство за одбрана и како извор за различни видови на исхрана. Трето, големото количество на води и нивната достапност создале убави услови за живот.

## 4. Историски прилики во регионот

Како што веќе спомнавме погоре, благопријатната географска позиција и услови, ја направиле оваа територија соодветна за населување уште од Каменото време. Првите примери на живот се видливи во бројните пештери како на пример пештерата Радавци кај Пеќ, во која луѓето живееле како ловци и собирачи на храна[9]. Регионот на Косово, ситуиран во срцето на Балканот, претставувал територија во која автохтоните култури се среќавале со културните токови на Балканскиот полуостров. Многу рано, уште во Раниот и Средниот Неолит, старчевачката култура, тесалските култури и јадранските влијанија се сретнале. Во текот на овој период, според истражувањата на археолошките локалитети од соодветниот период, се претпоставува дека овие култури имале мешана економија составена од земјоделство и сточарство[10].



Слика 4.Божица на престол – Музеј на Косово (Arben Llapashtica, 2010)

[9] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 38
[10] Tasic, Nikola. "The Starcevo Culture." In *The archeological treasures of Kosovo and Metohija: From the Neolithic to the Early middle ages.*, by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina, 1998, 31-56.

Следна култура која го привлекла вниманието на праисторичарите е откритието на културата Винча, со што е овозможена појасна слика за неолитскиот период. Винчанската култура без сомнение била најразвиената и најдолготрајната, како и територијално најраспространетата култура на Балканот и во Јужна Европа. Винчанската култура присвоила одредени елементи од старчевачката култура, но сепак треба да се набљудува како нов феномен. Во овој период се појавуваат повеќеслојни населби и започнува континуираната употреба на земјоделското земјиште. Што е уште поважно, технологијата и уметноста на керамиката се чини дека се развиваат, и воедно нудат поголема разновидност на форми и декорација. Уште една важна карактеристика на винчанската култура е појавата на божества, особено на божицата мајка и на нејзиниот машки еквивалент, што е прва индикација за појава на религијата[11].

Појавата на употребата на бакарот и откривањето на најстарите рудници го отежнува одвојувањето на винчанската култура од Енеолитскиот период. Во поглед на начинот на живот, економијата, формите на материјална култура, вотивните објекти, погребниот ритус, може да се каже дека сѐ останува исто со неолитскиот сегмент на културата Винча. Ова ја дозволува можноста дека на територијата на Косово енеолитскиот период почнал малку подоцна. Во овој период биле избирани посигурни места за населување, најчесто на високите карпи, достапни само од едната страна. Ова го предизвикало непоправливото уништување на скулптуралната уметност. Следејќи го хронолошкиот редослед постојат три енеолитски култури: Бубањ, Чернавода варијанта III и локалната Баден-Костолац култура[12]. Два главни настани го карактеризираат овој период: користењето на бакарот и инвазијата на индо-европските племиња [13]

Почетокот на Бронзеното доба на Косово се поврзува со почетокот на стабилизацијата на индо-европските групи и формирањето на Палео-Балканот. Најголемиот дел податоци за овој период се собрани во текот на ископувањата на некрополи. Овој

[11] Garasanin, Milutin. "The Vinca Culture and the Adriatic Influences." In *The archeological treasures of Kosovo and Metohija: From the Neolithic to the Early middle ages.* , by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina., 1998, 57-88.
[12] Tasic, Nikola. "The eneolithic period." In *The Archaeological Treasures of Kosovo and Metohija*, by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina, 1998, 89-116.
[13] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 41.

период се карактеризира со технологијата на леење на бронза, развојот на понапредни орудија, накит и производство на оружје. Уште еден социјален фактор кој се развил во текот на овој период е појавата на племенската аристократија. Исто така е значајна доминантната употреба на мечеви и богат бронзен накит. Во текот на бронзеното време на Косово биле практикувани биритуални форми на погребување, со кремација и инхумација[14]

Во текот на Железното време територијата на Косово уште еднаш покажува дека материјалната култура на регионот била средиште на влијанијата на различните географски, културни и етнички потекла. Ќе поминат речиси осум векови додека регионот повторно се претвори во интегрирана целина, овој пат преку Римското владеење[15]. Во текот на овој период, Дарданците биле консолидирани на оваа територија како едно од најголемите Илирски племиња, иако треба да се нагласи дека според српските научни гледишта Дарданците претставуваат микс и на Илирски и на Тракиски елементи[16]

Во текот на овој период Дарданците се населуваат на високите тераси во близина на реките. Овие населби сведочат за континуитетот на живот, а истите биле богати од аспект на земјоделството и сточарството. Рударството и производството на метал, како и други гранки на економијата продолжиле да се развиваат. Архитектурата доживеала процут, луѓето живееле во квадратни градби, со основа направена од камен и дрвени столбови, а на одредени места биле користени и керамички елементи[17]. Во текот на овој период биле подигнати и тврдини на високите ридови. Најважниот материјален доказ за овој период сеуште претставуваат погребните могили, со единечно или со групни погребувања [18].

---

[14] Luci, Kemaj. "The bronze age." In *The archeological treasure of Kosovo and Metohia,* by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian academy of science and Museum of Prishtina, 1998, 117-148.
[15]Tasic, Nikola. "The Iron Age." In *The archeological treasures of Kosovo and Metohija: From the Neolithic to the Early middle ages.* , од Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina, 1998, 149-226.
[16] Wilkes, John. *The Illyrians.* Oxford: Blackwell Publishers, 1992, 146: Garashnin 1980
[17] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 51.
[18] Berisha, Milot. *Archelogical Guide of Kosovo.* Prishtina: Ministry of Culture. Youth and Sport, 2012, 34.

До VII век, Дарданците вршеле размена со Хеленскиот свет, што е посведочено со богатите наоди на керамика на неколку локалитети во околината на територијата на Косово [19]. Според Шукриу, таканаречената пре-урбана дарданска фаза на развој помеѓу VI и IV век, е периодот во кој се развила племенската аристократија. Наодите од Бања во Пеќ, т.н. кнежевски гроб, исто така служат како сведоштво за занаетчиството во овој период: белезиците, илирскиот шлем, двостраниот меч и многу други. Во текот на овој период се создале и првите предуслови за формирање на дарданската држава[20].

Дарданската држава [21] била формирана до IV век пне., со кралство и војска, на тој начин претставувајќи моќна сила на Балканот која водела континуирана дипломатија со Македонија и другите сили од тоа време. Територијата на Дарданија ја надминувала денешната територија на Косово, и неа ја ограничувале реките Дрим, Морава, Тимок, Вардар и Брегалница. Најголем дел од белешките со кои располагаме за дарданската држава се однесуваат на војните на територијата на Балканот и нејзината улога како вечен непријател на Македонците, споменати и од античкиот писател Ливиј[22]. Иако дарданците не успеале да победат во битките, тие претставувале постојана закана за Македонското кралство на северот [23].

По формирањето на Римската провинција Македонија во 168 година пне., Дарданците склучиле сојуз со Римското Царство. Незадоволни од сојузот, во текот на следните години продолжиле со војувања, сé додека Римјаните конечно не ја приклучиле Дарданија кон римската провинција Мезија, а подоцна кон Горна Мезија[24].

[19] Parovic-Periskan, Maja. "Greek Ceramics." In *The archeological treasures of Kosovo and Metohija: From the Neolithic to the Early middle ages*, by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina., 1998, 226-256.

[20] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 41.

[21] Професорот Еди Шукриу ги смета дарданските структури за држава од причина што имале армија и дипломатски врски со другите региони. Исто тата и Александар Стипчевиќ, археолог, библиограф, библиотекар и исоричар кој бил специјализиран областа за Illyrians во неговата книга „Илири“ ги третира дарданците како дарданска држава

[22] Stipcevic, Aleksander. *Iliret: Historia, Jeta, Kultura.* Prishtina: Rilindja, 1980, 51.

[23] Wilkes, John. *The Illyrians.* Oxford: Blackwell Publishers, 1992, 121.

[24] Shukriu, Edi. "Parahistoria dhe Antika." In *Kosova: Veshtrim Monografik*, by Academia e Arteve dhe Shkencave te Kosoves, 169-178. Prishtina: Academia e Arteve dhe Shkencave te Kosoves, 2011, 173.

Дарданија се појавува како нова провинција формирана од Мезија, заедно со Мезија Прима, Дакија (овде не се мисли на старата провинција на Трајан, туку на новата фромирана од страна на Аурелијан), Нов Епир, Стар Епир, Македонија, Тесалија и Ахаја. Во следниот запис кој ги споменува тие се веќе Римски Илири, армија на команданти и цареви кои им се спротиставуваат на напаѓачите и го зацрстуваат Царството[25].




Слика 5.План на Скупи (Dusanka Korakevik. 2002)

Сточарството останало главна економска гранка на Илирите[26]. Заедно со сточарството, ловот, рударството и преработката на метали, вадењето на сол, производството на стакло и отворената трговија, биле главни економски извори за дарданската држава и другите илирски држави[27]. Најзначајни даардански градови во II век биле Наисус, Скупи, Улпијана и Арибантион [28]. До 297 година Драданците имале автономна

[25] Wilkes, John. *The Illyrians.* Oxford: Blackwell Publishers, 1992, 210.
[26] Wilkes, John. *The Illyrians.* Oxford: Blackwell Publishers, 1992, 127.
[27] Stipcevic, Aleksander. *Iliret: Historia, Jeta, Kultura.* Prishtina: Rilindja, 1980, 155.
[28] Shukriu, Edi. "Parahistoria dhe Antika." In *Kosova: Veshtrim Monografik,* by Academia e Arteve dhe Shkencave te Kosoves, 169-178. Prishtina: Academia e Arteve dhe Shkencave te Kosoves, 2011, 173.

провинција – Римската провинција Дарданија во рамки на Римското царство основана од страна на царот Диоклецијан (284-305), кој имал илирско потекло [29]

Во текот на овој период, римскиот град Скупи станал главен религиозен, културен, економски и административен центар на целиот регион. Археолошките ископувања на територијата на Македонија потврдиле дека римскиот град Скупи лежи во долината под Зајчев Рид. Тој се простира на левиот брег на реката Вардар, во близина на селото Злокуќани. По издавањето на Миланскиот едикт и прифаќањето на христијанството во 313 година, Скупи станува седиште на епископ во рамки на Царството[30]. Доцноантичкиот период се карактеризира со преодот од паганските верувања во новата религија – христијанството. До почетокот на IVвек, поголем дел од населението на Дарданија сеуште верувало во пагански или политеистични божества, заклучно со 391 година кога со Актот за потврдување на верата, сите други религии освен христијанството биле забранети од страна на царот Теодосиј I.

Во 479 година уште еден значаен историски настан ја вознемирува територијата на Дарданија. Царот Зенон земјите на Дарданија му ги предал на Теодорик Велики, кралот на Остроготите. Царот исто така му ја доделил и титулата *Magister militum,* при што бил склучен и сојуз преку размена на материјални добра. Во годините што следеле, од средината на IVдо крајот на VI век, Римското царство страдало од многубројни напади од страна на Остроготите, Хуните и Аварите. Овие напади во Дарданија оставиле многу траги на уништување. Во исто време, раличните болести, донесени преку овие миграции, го нападнале локалното население.

Во 518 година Дарданија била погодена од катастрофален земјотрес, со што неколку градови биле напуштени од страна на населението. За среќа, царот Јустинијан, благодарение на неговата решителност да инвестира во Дарданија, изградил осум нови тврдини, а обновил шеесет и една од оштетените.[31] Во оваа масовна обнова се случило

[29] Berisha, Milot. *Archelogical Guide of Kosovo.* Prishtina: Ministry of Culture. Youth and Sport, 2012, 58.
[30] Коракевник, Душанка. *Скупи.* Скопје: Музеј на град Скопје, 2002, 178.
[31] Procopuis. *On Buildings Vol. 7: , H. B. Dewing (Translator).* Boston: Harward University Press, 1940, 225.

и формирањето на двата главни града на територијата на Дарданија, Јустинијана Прима (Царичин Град) и Јустинијана Секунда-Улпиана (Грачаница).[32]

Јустиниана Прима била одредена за религиозен и административен центар во 535 година од страна на императорот Јустинијан, со што се здобива и со правото да биде седиште на архиепископ.[33] Се смета дека Јустиниана Прима се наоѓа на локацијата на Царичин Град на територијата на Србија и дека била изградена во првата половина на VI век.[34]

По смртта на царот Јустинијан, на Балканскиот полуостров се случуваат повеќе важни настани, иако за нив дознаваме во ограничен обем поради фрагментарноста на материјалот достапен во изворите. Во текот на владеењето на царот Јустинијан, Словените редовно ги напаѓале провинциите на Балканскиот полуостров, навлегувајќи длабоко на југ и повремено претставувајќи закана дури и за градот Тесалоника[35] .

---

[32] Berisha, Milot. "Nje veshtrim historik i dardanise gjate antikitetit te vone." Kosova arkeologjike 2, 2015:, 67-92.
[33] Berisha, Milot. Njeveshtrim, 67-92
[34] Ivanišević, Vujadin. "Caričin Grad (Justiniana Prima):A New-Discovered City for a 'New' Society." *Proceedings of the 23rd International Congress of Byzantine Studies.* Belgrade: The Serbian National Committee of AIE B, 22–27 August 2016, 107-127.
[35] Vasiliev, Alexander A. History of the Byzantine Empire: Vol. 1, 324-1453. Madison: University of Wisconsin Press; 2, Second English edition, 1958, 124.



Слика 6. Царичин Град (Vujadin Ivanišević,2016)

## *5. Воведување на христијанството во Дарданија*

Христијанството е религија која се формирала околу една личност, Исус Христос. Најраните и воедно најважните пишани извори за Исус се евангелијата. `Евангелие` потекнува од грчкиот збор *euangelion* што значи `добра вест`. Во 313 година, царот Константин го издал познатиот Милански едикт со кој била гарантирана толеранцијата на сите религии во царството, при што на тој начин бил формиран еден вид на сојуз помеѓу црквата и царството, кој преживеал повеќе од еден милениум, а истовремено ги профилирал и двата партнери во овој процес[36].

Косово се простира во југо-источниот дел на Европа, со што земјата поседува задоволителна географска и геополитичка позиција. Следствено, процесот на христијанизација го зафатил овој регион релативно рано. Пишаните траги за верата на населението на Дарданија пред прифаќањето на христијанството се најчесто видливи по инвазијата на Римското царство. Постојат повеќе од 600 надгробни споменици кои служат како сведоштво. Така, може да заклучиме дека постоеле локални божества кои биле почитувани, паралелно со римските божества. Исто така постоеле и неофицијални култови, како грчкиот и ориенталниот, за кои постојат траги на територијата на Дарданија. Оваа ситуација продолжила до 391 година кога со Актот за потврдување на верата сите други религии, освен христијанството, биле забранети од страна на царот Теодосиј I. Христијанските натписи започнале да се појавуваат до крајот на IV век, сведочејќи за постепената трансформација во новата вера[37]. Сепак, треба да се нагласи дека одредени пагански елементи од пред-христијанскиот период до денес се задржани во локалните верувања [38].

---

[36] Woodhead, Linda. *Christianity - A very short introduction.* New York: Oxford University Press Inc., 2004, 7
[37] Ferri, Naser. Mythologia Viva. Prishtina: Albanological Institute of Prishtina, 2012, 33.
[38] Mirdita, Zef. "Gjashte shekujt e pare te krishterizmit ne trevat iliro-shqiptare." Christianity among the Albanians. Shkodra: Episcopal Conference of Albania, 2000, 35-80.

Во секој случај, Флор и Лавр, градителите на Улпиана, биле едни од првите маченици на христијанството во Дарданија. Тие потекнувале од Константинопол, а царството им наредило да изградат пагански храм. По завршувањето на изградбата, тие ги скршиле паганските идоли и го посветиле храмот на Исус Христос. Поради тоа биле осудени со давење од страна на властите. Според Гаспер Гјини овој настан се случил во првата половина на II век, додека учители на Флор и Лавр биле Прокло и Максим, кои пак биле прогонувани од страна на царот Хадријан (117-138 година)[39]. Оваа анализа на Гјини е преиспитана од страна на Енвер Хоџај кој смета дека овој историски настан е повеќе легенда отколку историски факт. Според Хоџај, овие факти треба да бидат земени со резерва сé додека археолошките ископувања не го докажат спротивното.[40]

Прв пишан извор кој говори за христијанството во Дарданија е списокот на присутни епископи на Васеленскиот собор во Никеа во 325 година. Се смета дека Дарданија со главниот град Скупи, веќе во 325 година имала независна црква, од причина што на списокот на Соборот во Никеа е потпишан Dacus Dardaniae (епископот Дакиј Дардански) од Скупи. Ова е доказ дека во регионот постоела црковна структура, и дека освен Дакиј, епископот на Дарданија, на овој собор исто така присуствувал и Будиј од Стоби, кој бил негов суфраган[41]. Важно е да се напомене дека соборот во Никеа исто така издал официјално признавање на црковна организација во рамки на Римското царство [42]. Работата на Св. Апостол Павле се состоела во именување на епископ, а со тоа била формирана и структурата на црквата. Постојат и други примери каде епископот бил избран од страна на повеќе групи на верници, што некогаш доведувало и до вмешување на самите цареви.

Врз основа на пишаните извори од првата половина на IV до средината на VI век, на територијата на Дарданија се спomenати следните диецези: Скупи, Улпијана, Неутина, Диоклециана, Мариана, Јустиниана Прима, Запара и Стоби[43]. Со поделбата на

[39] Gjini, Gasper. *Ipeshkvia shkup prizren neper shekuj.* Prizren: Drita, 2011, 25.
[40] Hoxhaj, Enver. "Ulpiana-Qyteti Dardan i krishterimit te hershem dhe mardheniet me Romen." Kosova arkeologjike 1, 2006:, 101-114.
[41] Gjini, Gasper. *Ipeshkvia shkup prizren neper shekuj.* Prizren: Drita, 2011, 29.
[42] Vesevska, Irena Teodora. "Between east and west: Early Christian bishops from the territory of the Republic of Macedonia in historical sources." Ziva Antika, 2018, 183-198.
[43]Berisha, Milot. "Njeveshtrimhistorikidardanisegjateantikitetittevone." Kosovaarkeologjike 2, 2015, 67-92.

царството на Источно и Западно, без притоа да постои јасно определена граница помеѓу источното и западното христијанство, од доцниот IVвек натаму, Рим и Константинопол започнале да се натпреваруваат за превласт над балканските провинции, особено на Илирик, каде разликите во политичката и црковната географија биле особено комплексни[44].

Неколку имиња од Дарданија се спомнати на повеќе собори. На Соборот во Сердика во 343 година, помеѓу останатите епископи од Илирик, се споменуваат тројца од Дарданија: Парегориј од Дарданија од Скупи, Гаудентиј од Наисус и Македониј од Улпиана биле присутни. Сé до Соборот во Константинопол во 553 година, се забележува отсуство на епископи, а на овој собор учествувал Фока Исталиенсис од Јустинијана Прима. Првиот епископ од Јустинијана Прима бил Кателијан, додека последниот бил Јован. Јустиниана Прима била назначена за религиозен и административен центар во 535 година од страна на царот Јустинијан, кој исто така ја именувал и за архиепископски центар[45]

Како заклучок на ова поглавје може да забележиме дека во поглед на црковната организација Дарданија, заедно со целото Римско царство, се трансформирала постепено, додека локалното население исто така постепено преоѓало во новата религија. Имајќи предвид дека нашиот фокус е ранохристијанскиот период, нема да продолжиме со анализа на развојот на црковната организација во текот на средновековниот и доцно византискиот период на територијата на Косово.

[44] Cambridge University Press. Cambridge History of Christianity, Vol. 2, Constantine to c. 600. Cambridge: Cambridge university press, 2007, 10
[45] Berisha, Milot. "Nje veshtrim historik i dardanise gjate antikitetit te vone." Kosova arkeologjike 2, 2015, 67-92.

## 6. *Ранохристијанската архитектура*

Врз основа на историските факти наведени во претходното поглавје, јасно е дека христијанството на територијата на Дарданија било раширено до таа мера што била потребна црковна организација. Што е уште поважно, со зајакнувањето на христијанството се појавила и потребата од утилитаризација на групата луѓе кои доаѓале кај Бога. На тој начин освен што ја остварувале улогата на збирно место, овие градби исто така биле високи, импресивни, а со тоа и впечатливи.

На почетокот, за своите собирања христијаните користеле куќи чиј ентериер со мали промени бил трансформиран во голема единечна соба. Куќата во Сирија, попозната како *domus ecclesiae* во Дура Еуропос е најраната идентификувана христијанска куќа-црква. Вакви примери на куќи-цркви не се сретнати на територијата на Косово

Најкарактеристичните градби на раното христијанство во светот, како и на територијата на Косово, се базиликите. Базиликите биле пагански римски јавни објекти, во кои биле одржувани судења и други официјални и јавни функции. Главните карактеристики на ранохристијанската архитектура биле формирани врз основа на пораните грчко-римски базилики[46] Суштинска разлика во планирањето на храмовите во текот на овој период е тоа што претходно храмовите биле дом на скулптура на божество, додека во овој период тие станале дом на луѓето кои доаѓале при Бога. Христијанската архитектура била скромна по обем и служела за две главни потреби: обезбедувала простор за духовните потреби на населението и овозможувала погребно место за мртвите. Во време на владеењето на царот Константин Велики, базиликите биле трансформирани во градби во кои било почитувано христијанството.

Базиликите претставуваат правоаголни градби најчесто поделени во бродови со поставување на столбови или столпци. Највообичаен број на бродови е три, иако

[46] Hoddinott, Ralph F.. *Early Byzantine Churches In Macedonia And Southern Serbia.* New York: St Martin's Press Inc., 1963, 33.

повпечатливите базилики имаат пет, седум или дури и до девет бродови[47] Воедно постојат и примери на “еднокорабни” базилики. Овој тип е најчест пример на територијата на Косово.

Градбите се проектирани на начин кој ја диктира централната точка кон источниот крај на градбата, во кој е сместен олтарот.[48] Овие градби се најчесто покриени со дрвен покрив, додека централниот брод кој е повисок од страничните, е покриен со двосливен покрив (кров на две води), додека страничните имаат покрив на една вода. Помеѓу корабите имало ред на прозорци кои служеле за осветлување на просторот. Карактеристично за ранохристијанските базилики е што градбите биле доста просторни и имале големо количество на светлина.

Пред црквата, на западниот крај бил изграден портик или нартекс кој најчесто се протегал по должината на целата фасада. Пред овој елемент пак најчесто бил лоциран атриумот или предворјето. Функцијата на нартексот била да ги прими оние, на кои како и покајаниците, не им било дозволено да влезат во црквата, а во исто време да им овозможи да ја слушаат литиргиската церемонија.[49] Една варијанта на овој тип на базилика се базиликите со попречен брод т.е. трансепт. Попречниот брод го делел централниот кораб, наосот на црквата од олтарот и ја зголемувал ширината на градбата. [50]

Покрај лонгитудиналните градби – базилики, исто така постојат и централни градби. Тие можат да бидат кружни (ритонди), полигонални, квадратни или крстообразни. Најчесто биле градени со цел да се користат како мавзолеи, мартириуми или баптистериуми. Постојат и неколку примери кога ваквите објекти со централна основа биле користени како цркви[51] Баптистериумите најчесто претставувале дел од поголем архитектонски план, формирајќи еден вид на црковен комплекс со базиликата. Тоа се посебни, централно планирани градби кои го окружуваат баптисмалниот простор.

[47] Delvoye, Charles. L'Art Byzantin. Gernoble: Edition Arthaud, 1988, 42.
[48] Woodhead, Linda. Christianity - A very short introduction. New York: Oxford University Press Inc., 2004, 47.
[49] Yarwood, Doreen. The Architecture of Europe - The Ancient Classical and Byzantine World, 3000 B.C.-A.D. 1453. London: B.T. Batsford Ltd, 1992, 94.
[50] Delvoye, Charles. L'Art Byzantin. Gernoble: Edition Arthaud, 1988, 42.
[51] Delvoye, Charles. L'Art Byzantin. Gernoble: Edition Arthaud, 1988, 62.

Баптистериумите потекнуваат од оној период на црквата кога голем број на возрасни катихумени биле крштевани, а потопувањето во вода било задолжително. Кога се појавила потребата да се крштеваат само деца, баптистериумите повеќе не биле градени како поединечни структури. Тие се најчесто октагонални или квадратни по форма но со октагон впишан во основата. Во нашиот случај, на територијата на Косово, се сретнува само еден тип на баптистериум, октагонален објект формиран од 8 апсиди (октоконхос).

Во подолжение, уште еден важен објект од овој период е мартирумот кој првобитно бил создаден како место на „сведоштво“, а постепено се трансформирал во значење на црква посветена на маченик. Зголемувањето на важноста на култот на моштите, веќе во IV век довел до една пракса на нивно „пренесување“ од едно на друго место, и додека родниот град на маченикот или градот во кој пострадал логично го имал најсилното право на поседување на мачеништвото, преселувањето на моштите овозможило изградба на мартириуми на места кои немале никаква врска со земниот живот на светецот [52].

[52] Mango, Cyril. *The Art of the Byzantine Empire 312 - 1453.* Toronto, Buffalo, London: University of Toronto Press, 1972, 21.

### 7. Ранохристијански градби на Косово

Археолошките податоци собрани на територијата на Косово своите почетоци ги имаат во Каменото доба. Од тој период територијата на Косово била населена без прекин. Со појавата на христијанството на Балканот, едновремено почнале да се појавуваат и религиозните градби на територијата на Дарданија. Најраните траги на ранохристијанската архитектура се појавуваат во средината на IV век, а својот врв го достигнале во владеењето на царот Јустиниан. Археолошките локалитети кои имаат статус на културно наследство, од доцноантичкиот и ранохристијанскиот период бројат сто и пет објекти, од кои дваесет и два се цркви. Воедно, и во текот на рекогносцирањата реализирани на Косово биле идентификувани голем број на цркви. Во продолжение се набројани црквите според азбучен ред на општината и населеното место на кое припаѓаат.

Со цел целосно да се разбере ранохристијанската архитектура на територијата на Косово, презентацијата на ранохристијанските објекти ќе биде поделена во четири поглавја: првото поглавје се состои од археолошки локалитети на кои биле извршени археолошки ископувања на целата територија на Косово, и тоа археолошки ископувања со три фази на истажувања: а) фаза пред втората светска војна, б) фаза помеѓу 1950-1970 година и в) фаза по 1999 година[53].

Следните три групи се состојат од градби на кои биле извршени три различни евиденции на рекогносцирање од страна на археолозите од 2006 година до денес. Првата претставена група се археолошките локалитети идентификувани во текот на 2006 година во Дечани, Ѓаковица, Милешево, Драгаш, Исток, Клина, Пеќ, Урошевац, Призрен, Сува Река, Раховеци. Втората група на градби се состои од археолошки локалитети кои биле идентификувани во текот на 2012 година во Исток, Србица, Глоговац, Вучитрн, Обилиќ, Косовско Поле, Липљан и Штимље, додека во третата група припаѓаат градбите идентификувани во текот на 2017 година и тоа во Урошевац, Гњилане, Хан, Елези, Качаник, Каменица, Клокот, Партеш, Ранилуг, Штрпце и Витина.

---

[53] Phases of archeological excavations were divided by: Shukriu, Edi. "Developmental phases of archaeology and postwar excavations in Kosova." In *Archaeological excavations and studies in Kosova 2000-2012,* by Kosovo Academy of Science and Art, Prishtina: Kosovo Academy of Science and Art, 2014, 17-31.




Мапа 1. Просторно протегање на ранохристијанската архитектура на територијата на Косово

## 7.1. Археолошки локалитети на кои биле вршени археолошки ископувања

Петнаесет од четириесет и четири објекти се ископуваат или биле археолошки истражени во минатото. Од вкупно петнаесет градби претставени во ова поглавје, тринаесет се базилики, една е мартириум, а една е баптистериум. Сите градби се со ориентација исток-запад. Според документацијата од базиликите осум се еднокорабни, четири се тробродни, додека една, на која тековно траат ископувањата, сеуште не дава јасна слика. Од трибродните базилики, две се со правоаголна основа со апсида на источната страна, во Улпијана, Ариљача и Студеница, додека исклучителен пример на триконхална базилика со три апсиди на источната, јужната и западната страна се појавува во Суха Река.




Мапа 2. Просторно протегање на археолошките локалитети на кои се извршени археолошки ископувања

### 7.1.1. Црквата во Бела Црква

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црквата во Бела Црква |
| Општина | Ораховац |
| Село | Бела Црква |
| Y | 7466659.41 |
| X | 4690902.29 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 7. Локалитет Белацрква (CMS, 2019)

Согласно евиденцијата направена во соработка помеѓу Академијата на науки и уметности на Косово и Албанската академија на науки и уметности, трагите на оваа црква не се повеќе видливи, и покрај тоа што археолошките истражувања биле спроведени во 1966 година од страна на експерти од Белград [54]

Документираната црква претставува еднокорабна базилика со крипта во внатрешноста. Апсидата на црквата е полукружна од внатрешната и аголна од надворешната страна [55].

Може да се претпостави дека оваа градба имала особено значење од причина што целото населено место го добило името според црквата [56] Црквата е датирана во VI век од страна на археолозите. За жал, нејзиното документирање не било детално

[54] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 273.
[55] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA)*, 2016, 9-32 .
[56] TASIC, Nikola. "lntroduction to the Prehistory, Antiquity and Early Middle Ages in Kosovo and Metohija." In The archeological treasures of Kosovo and Metohija: From the Neolithic to the Early middle ages., by Nikola Tasic, et al., Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Art and Museum of Prishtina., 1998, 15-31.

направено, додека недостатокот на археолошки траги од самиот објект го прават нејзиното доистражување многу тешко.




Слика 8. План на црквата во Белацрква (I. Nikollajevic, 1978)

### 7.1.2. Ранохристијанска црква во Кориша

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Кориша |
| Komun | Призрен |
| Село | Кориша |
| Y | 7483453.88 |
| X | 4679086.45 |
| Законската заштита | Трајна заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 20, 7x13,40m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | средновековна |



Слика 9.План на црквата во Кориша(AMP, 2006)

Археолошките ископувања на тврдината Кориша, лоцирана во областа позната под топонимот Гралишки рид [57] биле извршени во текот на 2002 година [58] , додека постоењето на црква било документирано во 2004 година [59] кога била реализирана темелна археолошка кампања при што била откриена ранохристијанска црква од VI век и нејзината основа била документирана. Ископувањата повторно продолжиле во 2007 година, во рамки на тврдината и на праисториското наоѓалиште, лоцирано на стотина метри од тврдината [60]

Базиликата била откриена во внатрешноста на тврдината. Објектот има должина од 20,7 метри со насока исток-запад и претставува еднокорабна базилика. Ѕидовите имаат дебелина од 0,70 метри. Базиликата има полукружна апсида со радиус од 3,7 метри. Наосот на базиликата има правоаголен облик и димензии од 9,20 x 16 метри. Нартексот исто така е правоаголен, со димензии 4,70 x 13,40 метри. Главниот влез на базиликата е долг 1,85 метри и бил конструиран со блага асиметричност во споредба со главната

[57] Berisha, Milot. *Archelogical Guide of Kosovo.* Prishtina: Ministry of Culture. Youth and Sport, 2012, 83.
[58] Gezim Hoxha, Luan Kocbashliu, A.Bullguri conducted archeological excavation.
[59] Gezim Hoxha, Luan Kocbashliu, Shafi Gashi et al conducted archeological excavation.
[60] Hoxha, Gezim. "On the archeological excavations in the Early Christian Church in village Korishe." *Kosova Archeologica 1,* 2005, 167.

фасада. Од друга страна, влезот од нартексот во наосот е симетричен со самиот наос (слика 9)[61].

Нартексот е поделен на три дела – главен дел и две помали простории на северната и јужната страна. Северната просторија има димензии од 2,90 x 3,30 метри и влез долг 1 метар кој ја поврзува со нартексот. Јужната просторија има димензии од 3,60 x 3,30 метри, а нејзиниот влез го пресликува оној на северната страна. Оваа просторија исто така има отвор на главната фасада, како паралелен влез во базиликата.[62]



Слика 10. Ранохристијанска базилика во Кориша (AGK, 2012)

Се чини дека базиликата била изградена во исто време со самата тврдина бидејќи стилот на е ист. Ѕидот на базиликата има дебелина од 0,70 метри. Направен е од делкан камен поврзан со варовен малтер. Иако варовникот кој бил користен бил со слаб квалитет, се чини дека ѕидарите биле доволно искусни и камењата и малтерот ги поставиле на многу професионален начин. За фасадите камењата биле внимателно избирани. Исто така се забележуваат и “*in-situ*” траги од малтерисување на деловите од олтарот, со дебелина од 3-4 цм[63]. Варовниот малтер користен за малтерисувањето на ѕидовите содржи мало количество на песок. На дел од апсидата, делови од малтерисаната површина се со црвена боја.

Што се однесува до подот, по целата должина на основата има слој од варовен малтер. Воедно, на подот има делови од мали камења и толчена цигла во составот. Подот има дебелина од 3-5 цм и директно е поставен на земјата. Земјата пак се состои од почва со црно-сива боја. Се чини дека горниот слој на подот бил премачкан со заштитен слој.

[61] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVЁS, 2006, 232.
[62] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA),* 2016, 9-32 .
[63] [63] Hoxha, Gezim. "On the archeological excavations in the Early Christian Church in village Korishe." *Kosova Archeologica 1,* 2005, 168.

На северниот дел на апсидата, на местото каде се наоѓал синтронот, се чини дека недостасува варовниот слој на подот.[64]

Во текот на ископувањата на внатрешниот дел на апсидата, биле забележани/откриени траги од синтрон. *Синтронот* имал трапезоидна форма со тесна основа насочена кон источната страна. Тој имал едноставно скалило, издигнато 22-25 цм од подот на црквата. Страничните потпирачи, на северната и јужната страна, биле долги 1,76 метри, додека источната има должина од 2,5 метри. На главниот дел од синтронот немало видливи траги од варов малтер, што довело до заклучок дека постоела дрвена катедра.




Слика 11.План на Кориша (АМК, 2006)

Уште едно важно откритие во оваа градба е појавата на певницата (презвитериум). Трагите од темелите на овој елемент се видливи на подот на црквата. Основата на презвитериумот има димензија од 0,30 цм.Тековните ископувања не откриле ниту еден

[64] Hoxha, Gezim. "On the archeological excavations in the Early Christian Church in village Korishe." *Kosova Archeologica 1,* 2005: 175-186, 169.

архитектонски дел од оваа структура Неистражените делови во внатрешноста на црквата можеби ќе донесат повеќе светлина на ова откритие[65]

Што се однесува до археолошките наоди, има две групи на движен материјал кои се карактеристични за овој археолошки локалитет. Првата група се состои од наоди од праисторискиот период откриени во внатрешноста на црквата, кои најверојатно потекнуваат од праисториската населба идентификувана во непосредна близина на тврдината. Во втората група пак припаѓаат наоди современи на самиот објект. Главно се појавуваат керамички садови како на пример *амфора*, *питос* и *чаши*. Воедно биле откриени и стаклени садови и животински коски [66].Врз основа на теренски откриениот движен материјал црквата била датирана во VI век. Откривањето на доцносредновековна керамика во близина на ѕидовите довело до претпоставка дека црквата била напуштена во пред-отоманскиот период [67]



Слика 12.Базиликата во Кориша (G.Hoxha, 2016)

---

[65] Hoxha, Gezim. "L'église paléochrétienne de Korishë et quelques traits du christianisme ancien dans le territoire de la Dardanie Occidentale." *L'ILLYRIE MÉRIDIONALE ET L'ÉPIRE DANS L'ANTIQUITÉ*, 2015, 831-846.

[66] [66] Hoxha, Gezim. "On the archeological excavations in the Early Christian Church in village Korishe." *Kosova Archeologica 1*, 2005, 169.

[67] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 232.

### 7.1.3. Ранохристијанска црква во Врела

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Врела |
| Општина | Исток |
| Село | Врела |
| Y | 42.77029444 |
| X | 20.40383611 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | Не е јасно |
| Број на бродови | Не е јасно |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 13.Капела на црквата во Врела (AMK, 2012)

Археолошките ископувања спроведени на овој локалитет во 2010 година ги откриле остатоците и темелите на црква со мали димензии, типична за ранохристијанскиот период (IV – VI век)[68] . Извештаите од ова ископување ни ги претставуваат остатоците на мал еднокорабен наос со гробна крипта во внатрешноста. Во публикацијата на извештајот од ископувањате е изнесена тезата дека оваа градба можеби претставувала дел од поголем комплекс. Гробната крипта имала димензии од 2,89 метри должина, 1,40 метри ширина и 1,40 метри висина, а била изградена од туф. Во 2015 година било извршено уште едно археолошко ископување при што било откриено дека навистина се работи за капела која претставувала дел од поголем црковен комплекс.[69] Иако овој локалитет сеуште не е публикуван од страна на археолозите кои го истражувале, одредени цртежи се објавени од страна на Гезим Хоџа и Хаки Мехметај. Г. Хоџа го

[68] Berisha, Milot. *Archelogical Guide of Kosovo.* Prishtina: Ministry of Culture. Youth and Sport, 2012, 79.
[69] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA),* 2016, 9-32.

нарекува овој локалитет црковен комплекс во Врела, без притоа да даде подетално објаснување [70].

Одредени информации за оваа населба се среќаваат во монографијата „Археолошкото наследство на регионот на Истрог“ од археологот Хаки Мехметај, при што тој црквата ја нарекува базилика од Врела. Според него, до овој момент јужниот брод на црквата не е откопан, мислејќи на горе споменатата крипта, додека криптата според него претставува „пастофориј“ со апсида.



Слика 14.Црковен комплекс во Врела: a) црковен комплекс (G.H, 2015), b) крипта (AMP, 2006), c) план на комплексот (G.H, 2015)

Во неговиот опис, исто така, се споменува постоењето на нартекс и егзонартекс на црквата, при што егзонартексот имал три врати кои воделе во нартексот, во делот на пастофориумот и главниот влез. За жал на планот кој е објавен во оваа публикација, како и во публикацијата на Гезим Хоџа, не е возможно да се следи овој опис [71] Што се однесува до техниката на градење, било видливо дека црквата имала две градежни

[70] Masar Valla was head of the excavation expedition but the plan and pictures were shared with his colleague Gezim Hoxha, where he published only the pictures in his article with the footnote 46.
[71] Mehmetaj, Haxhi. *Trashegimia Arkeologjike of Istog Municipality.* Prishtina: Institute of Archaeology of Kosovo, 2016, 64.

фази. Воедно, во текот на ископувањата било откриено ѕидно сликарство што довело до заклучок дека целата црква била декорирана. Ѕидовите биле изградени од туф поврзан со малтер од кал[72]. За да се разбере комплексната ситуација на ова археолошко наоѓалиште неопходни се понатамошни археолошки ископувања**.**

[72] S Mehmetaj, Haxhi. *Trashegimia*, 64

### 7.1.4. Црковен комплекс во Студеница

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црковен комплекс во Студеница |
| Општина | Исток |
| Село | Студеница |
| Y | 42.76603889 |
| X | 20.38896667 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 17 x 38 m |
| Број на бродови | 3 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | позитивен |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 15.Панорама на објектите во Студеница (H. Mehmetaj, 2016)

Црковниот комплекс во Студеница за првпат се спомнува во 1908 година, кога еден жител на селото пронашол ѕвоно и парчиња текстил. Подоцна, во текот на 1930 година, овој локалитет бил нарушен со аматерски ископувања, за кои сепак бил напишан извештај. Првиот професионален извештај за локалитетот во Студеница, изготвен врз основа на визуелно рекогносцирање, бил публикуван од страна на архитектот Ѓ. Бошковиќ и инженерот С. Смирнов во 1936 година. Првите официјални систематски ископувања биле изведени во 1965-1968 и 1970 година од страна на В. Кораќ и В. С. Јовановиќ. Откриените остатоци веднаш биле конзервирани.

Резултатите од ископувањата се неверојатни. Средновековниот црковен комплекс бил изграден врз остатоците од ранохристијански комплекс. Базиликата од ранохристијанскиот период имала три брода и огромна апсида. Како типична ранохристијанска црква, имала трансепт, широк нартекс, егзонартекс и атриум. Димензиите на црквата се 17 x 38 метри. Северно од нартексот била изградена мала

капела[73] Воедно во овој црковен комплекс постоела и еднокорабна базилика со нартекс. Внатрешноста и ѕидовите биле малтерисани со варов малтер помешан со толчена тула [74]

Во северниот дел на манастирот бил откриен хипогеум (крипта) од V век. Подземната крипта била со правоаголна форма и имала засводен кров. Во внатрешноста таа била поделена со два реда од сводови и пиластри на ѕидовите. Во криптата биле откриени дваесет и четири гроба. Хипогеумите од овој тип се ретки, но не и непознати на Балканот во текот на V и VI век.

Овој добро организиран монументален хипогеум сугерира дека ранохристијанскиот манастир во Студеница претставувал раскошна монументална градба на своето време[75] Поради подоцнежното градење на средновековниот манастир, кој нема да биде обработен во оваа прилика, остатоците на ранохристијанската базилика се во многу лоша состојба. Овој локалитет исто така е спомнат и од страна на Сер Артур Еванс



Слика 16.Црковен комплекс во Студеница (АМК, 2012)

[73], Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 67.

[74] Mehmetaj, Haxhi. *Trashegimia Arkeologjike of Istog Municipality.* Prishtina: Institute of Archaeology of Kosovo, 2016, 18.

[75] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA),* 2016, 9-32.

како „*Уништениот манастир, каде овие останки сеуште постојат, во минатото седиште на старата српска архиепископија од Хвосно*" [76]



Слика 17. План на црковниот комплекс во Студеница (АМК, 2012)

[76] Arthur Evans, 1885. Antiquarian researches in Illyricum III-IV, Archaeologia XLIX, Westminster, 69.

### 7.1.5. Ранохристијанска црква во Ариљача

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Ариљача |
| Општина | Косово поле |
| Село | Ариљача |
| Y | 42.57823056000 |
| X | 20.99686389000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 22.2x 13.5 m |
| Број на бродови | 3 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | позитивен |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 18. План на базиликата (F.Peja, B.Rraci, A. Hajdari-The castle of Harilaq,2015)

Ранохристијанската црква во Ариљача се наоѓа во внатрешноста на тврдината Ариљача, тврдина која ги има типичните карактеристики на оние од времето на Јустиниан. Ова упориште припаѓа на групата тврдини и утврдувања обновени и изградени во Дарданија (шеесет и една обновена и осум новоизградени) од страна на византискиот цар со дарданско потекло, Јустиниан Велики (527-565), забележани во



Слика 19. . План на тврдината во Ариљача (F.Peja, B. Rraci, A. Hajdari: Castle of Harlilaq, 2012)

делото на византискиот историчар од VI век, Прокопиј, со наслов De Aedificiis – За градбите.[77]

Населбата Ариљача најпрво била откриена во 1960-тите години, во текот на една археолошка евиденција на регионот спроведена од страна на Музејот на Косово и Археолошкиот институт од Белград [78].Првата археолошка кампања на оваа тврдина била спроведена од страна на Археолошкиот институт на Косово во 2005 година како дел од сеопфатното рекогносцирање во регионот, при што биле направени и неколку пробни ровови. Од 2006 - 2010 година, сега веќе покојниот археолог Фатмир Хоџа, заедно со Музејот на Косово, организирал ископување. Иако овие ископувања откриле повеќе делови од тврдината, нашиот интерес во овој случај е ставен на ранохристијанската црква и објектите со кружна форма.[79]

Таканаречената црква-тврдина е лоцирана на благо подигнато плато, на природна карпа, со поглед над целата тврдина. Архитектурата на црквата била приспособена на теренот на карпата, така што главниот кораб е благо повисок од страничните.



Слика 20. Сникка со дрон на тврдината во Ариљача (voyagekosovo,2018)

[77]Instituti Arkeologjik I Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 218.
[78] Çetinkaya, Halûk. "Early Christianity in the Balkans and an unknown monastery from Harilaq / Kosovo." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA, 2017, 237-246.
[79] Peja, Fatmir; Rraci, Bedia; Hajdari, Arben. *The castle of Harilaq.* Prishtina: Museum of Kosovo, 2012, 16.

Трикорабната базилика со ориентација исток - запад има димензии од 22,2 x 13,5 метри со апсида која е правоаголна од внатрешната и аглеста од надворешната страна. Ѕидовите на градбата се со дебелина од 1 метар, додека во делот на апсидата дебелината достига и 1,5 метар. Централниот брод на наосот е 11,50 метри долг и 4,85 метри широк, додека страничните бродови се долги 9,50 метри и широки 2,25 метри. Нартексот на базиликата е долг 3,30 метри, а егзонартексот 4,10 метри. Комуникацијата помеѓу нартексот и наосот била овозможена преку три влеза одвоени со столпци во вид на типичен ранохристијански *трибелон*. На северниот дел на базиликата била прилепена мала капела со димензии 5,80 x 3,90 метри, која имала апсида широка 1,90 метри. Оваа капела имала влез само од страничниот брод на базиликата. Ѕидовите на црквата биле изведени од камена ѕидарија со варовен малтер како врзивно средство. Само ѕидот околу апсидата бил изведен со тула од внатрешната и камен од надворешната страна. Според Ц. Халук, овој распоред на архитектонските елементи е типичен за периодот на императорот Константин, но сепак се вклопува и со подоцнежните примери кои биле карактеристични за ранохристијанските цркви во Константинопол[80].

Гледано во целина, црквата била откриена во многу лоша состојба, така што било невозможно да се одреди дали подот бил поплочен или не. Што е уште поважно, не биле откриени траги од декорација, ниту пак прозорци или столбови така што ова довело до претпоставка дека овој објект воопшто не бил завршен [81]

Источно од базиликата се наоѓаат две идентични прстеновидни градби, како во големина, така и во форма и техника на градење. Нивната поставеност е во линија со базиликата (види го планот погоре, слика.12). Димензиите на градбите се 18,40 x 11,50 метри со ориентација исток-запад и блага девијација кон север. Специфичните форми на овие градби се состојат од три сферични и еден полусферичен елемент. Апсидалниот простор е главниот поголем кружен простор и е поврзан со правоаголниот дел со апсида. Овој простор е поплочен со варовен малтер помешан со речен песок и толчена тула и премачкан со слој водоотпорен малтер. Градбите меѓусебно се поврзани со скалила. Во средината на овие два објекти се наоѓа фонтана. Археолозите кои го истражувале локалитетот претпоставуваат дека овие објекти

[80] Çetinkaya, Halûk. "Early Christianity in the Balkans and an unknown monastery from Harilaq / Kosovo." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA, 2017, 237-246.
[81] Peja, Fatmir; Rraci, Bedia; Hajdari, Arben. *The castle of Harilaq.* Prishtina: Museum of Kosovo, 2012, 30.

служеле како *мартириуми*. Техниката на ѕидање покажува дека овие објекти се од ист период со базиликата и тврдината. Археологот Гезим Хоџа предлага дека овие градби можеби служеле како *мавзолеи* [82] Според Ц. Халук, високата положба на манастирската населба, како и потешкотијата да се обезбеди вода, сугерира дека овие структури биле цистерни.[83]



Слика 22. Прстеновидни објекти (C.Haluk, 2017)




Слика 21. План на прстеновидните градби (F.Peja, B. Rraci, A. Hajdari: Castle of Harlilaq, 2012)

[82]Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA)*, 2016, 9-32.
[83] Çetinkaya, Halûk. "Early Christianity in the Balkans and an unknown monastery from Harilaq / Kosovo." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA, 2017, 237-246.

### 7.1.6. Ранохристијанска црква во Никадин

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Никадин |
| Општина | Урошевац |
| Село | Никадин |
| Y | 42.35608333000 |
| X | 21.16950000000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 23. 23 Ранохристијанска црква во Никадин (DTK)

Оваа црква била идентификувана кога случајно бил откриен капак од саркофаг, што довело до организирање на заштитни ископувања во 2007 година, кои биле изведени во форма на ровови. [84] И покрај тоа што во текот на 60-тите години на минатиот век во овој регион биле забележани површински траги од римска вила, резултатите на ова археолошко истражување довеле до откритието на мала ранохристијанска црква во многу лоша состојба. Црквата била ѕидана од камен поврзан со варов малтер, но најинтересно откритие биле *сполиите* со римско потекло. Црквата е еднокорабна, со видлива апсида. Ориентацијата и е исток-запад, со приближни димензии од 12 x 6 метри[85]



Слика 24. Капак на саркофаг од Никадин (АМК, 2017)

---

[84] Ministry of Culture Youth and Sport. *Database for Cultural Heritage.* 2014. https://dtk.rks-gov.net/tkk_objekti.aspx?id=9462 (accessed March 21, 2019).
[85] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 43.

### 7.1.7. Траги од црквата во Боб

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Боб |
| Општина | Качаник |
| Село | Боб |
| Y | 42.22708333000 |
| X | 21.25222222000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 25. Црква во Боб (CMS)

Црквата била идентификувана во текот на рекогносцирањето во 2017 година, изведено од страна на Институтот за археологија на Косово. Оваа евиденција ја сместува црквата во доцноантичкиот период, IV-VI век[86]. Според евиденцијата на спомениците на култура на Србија, црквата припаѓа на периодот XI-XII век [87]. За истражувањата на овој објект постои краток извештај кој никогаш не бил публикуван од страна на Заводот за заштита на спомениците на Косово во 1997 година.

[86] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 187.

[87] Institute for Monument Protection of Serbia, Archaeological Institute of the Serbian Academy of Sciences and Arts, National Library of Serbia. *Cultural Monuments of Serbia.* December 1, 2008. http://spomenicikulture.mi.sanu.ac.rs/about.php (accessed February 25, 2019).

### 7.1.8. Траги од црквата во Стрезоц

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Стрезоц |
| Општина | Каменица |
| Село | Стрезоц |
| Y | 42.64680556000 |
| X | 21.50136111000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 15.5 x 7.00 m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | VI |




Слика 26. Топографска мапа н Стрезоц (АМК, 2017)

Археолошкиот локалитет се наоѓа на западната страна на селото Хајнос и северно од селото Стрезос. Локалитетот лежи на висок терен со надморска височина од 630 метри, а кај локалното население е познат под топонимот „Црква“. Првите археолошки истражувања биле спроведени во 2017 година од страна на Археолошкиот институт на Косово, како заштитни ископувања по интервенцијата на сопственикот на земјиштето. Ненамерно, со земјените активности сопственикот уништил голем дел од црквата.



Слика 27. Црква во Стрезоц (АМК, 2017)

Сепак, оваа црква била идентификувана од страна на археологот Е. Шукриу, иако во текот на оваа кампања објектот не бил ископан [88].

Ископувањата ја откриле основата на еднокорабна црква со димензии 15,5 x 7,00 метри со ориентација исток-запад, со апсида на источната страна. Црквата била изградена од необработен камен поврзан со варов малтер. Дебелината на ѕидовите изнесува 0.70 метри , со исклучок на јужниот ѕид кој во делот до апсидата достигнува и до 0,90 метри. Темелите на црквата биле поставени на самото камено плато. Во црковниот ентериер, во самиот центар на апсидата има дупка со димензии 0,20 x 0,20 метри, за која археолозите претпостауваат дека претставувала дел во кој бил инсталиран олтарот, најверојатно изработен од дрво. Подот на црквата бил изведен со варов малтер, слично на примерот со црквата во Кориша која ја обработивме погоре во текстот. Од причина што не биле откриени никакви траги од синтронот, археолозите претпоставиле дека овој елемент, исто како и олтарот, бил изработен од дрво [89]

Според остатоците откриени на самиот локалитет, археолозите сметаат дека покривот бил направен од дрвена конструкција покриена со плочки. Со оглед на тоа, имајќи ги предвид наодите, планот на црквата, техниката на градење, фрагментите керамика, црквата во Стрезос ја сместуваме во групата на ранохристијански цркви. Во внатрешноста на објектот исто така биле откриени неколку гробови, поради што се претпоставува дека црквата била напуштена во VI век [90]




Слика 28. Апсида на црквата во Стрезоц (АМК, 2017)

[88] Shukriu, Edi. *Kosova Antike.* Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 109
[89] Instituti Arkeologjik i Kosoves,. *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 271.
[90] Instituti Arkeologjik i Kosoves,. *Harta,* 271.

### 7.1.9. Ранохристијанска црква во Хисар

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Хисар |
| Општина | Сува Река |
| Село | Хисар |
| Y | 20°47'39.47"E |
| X | 42°24'45.06"N |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 3 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | триконхос |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 29. Ранохристијанска црква во Хисар (F.Peja 2014, Germime dhe Studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012)

Првите археолошки ископувања во тврдината во Хисар биле извршени во 1986 година од страна на Музејот на Косово, под раководство на археолозите С. Фидановски и З. Недељковиќ, со цел да се утврди датацијата на самата тврдина[91] (S.Fidanovski 1986). Според Л. Пержита, оваа тврдина се сместува во групата на тврдини обновени од страна на императорот Јустиниан и забележани од Прокопиј од Цезареа, притоа поврзувајќи го името Хисар со топонимот *Каструм* од списокот на Прокопиј [92].

По неколку децении, во 2010 година, Музејот на Косово извршил уште едно ископување под раководство на Фатмир Пеја на неколку делови во тврдината, при што помеѓу другите откритија биле идентификувани резиденцијален објект (Ц), две линии од одбрамбеното обѕидие на тврдината (А) и сакрален споменик со форма на триконхос (Д) [93]Трикорабната црква со типолошки облик на триконхос е сместена на

[91] Fidanovski, Slobodan, Nedeljkovic, Zvonimir. "Eneolitsko nasleje, ranocizantijsko utvrdjenje i srednjovekovna nekropola." *Arheoloski pregled* , 1986, 4-5.

[92] Perzhita, Luan. "Vlera kronologjike e te dhenave te Prokopit mbi ndertimet e Justinianit ne Provincen e Dardanise." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012, by ASHAK*, Prishtina: ASHAK, 189-206.

[93] Peja, Fatmir, Hajdari, Arben. "Kalaja e Kastercit - rezultatet e germimeve arkeologjike (2010-2012)." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012*, by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 328-352.

највисокиот дел на тврдината [94]. До овој момент се истражени само северниот и западниот дел на црквата, а притоа се откриени северниот дел на објектот и северната конха, како и дел од источната конха. Во целина само 19,5 метри од должината на градбата се ископани.

Ѕидовите на триконхосот биле направени од необработен камен поврзан со варов малтер. Ѕидовите имаат дебелина од 1 метар. Влезовите кои воделе во наосот биле откриени и истите имаат димензии од 1,70 метри кај првиот влез од јужниот дел, вториот на северниот дел со 1,50 метри и третиот, оној на северо-западниот агол со димензии од 2,30 метри.




Слика 30. План на тврдината во Хисар (F.Peja 2014, Germime dhe Studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012)

Северниот дел на градбата бил засилен со продолжен потпорен столб на секоја страна, додека јужниот имал три продолжни потпорни столба кои не биле поврзани директно за ѕидот. Постојат траги кои покажуваат дека објектот претрпел неколку измени. Постои ѕид (помеѓу северниот ѕид и северната конха) кој бил изграден во подоцнежна

[94] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA)*, 2016, 9-32.

фаза со дебелина од 30 цм, на кој во смесата за малтер бил користен чакал. Исто така, северниот влез бил смален во оваа подоцнежна фаза, но во овој случај како врзивно средство бил користен малтер со глина. [95]

Подот на градбата е зачуван во доста добра состојба. Тој е поплочен со варовен малтер помешан со толчена тула и речен песок. Подот бил поставен директно на природната карпа на теренот. Воедно, видливи се траги и од заштитен слој зачуван *in-situ* во западниот и северниот ѕид со дебелина од 4 цм. Бојата на премазот е беж. Повеќе од дваесет и пет гробови биле откриени во внатрешноста и надвор од црквата. Истражените гробови имале наоди со кои истите се датираат во периодот од X до XII век. Врз основа на градежната техника на црквата, како и на археолошките наоди, археолозите ја одредуваат оваа црква во групата раносредновековни цркви од VI век.[96]



Слика 31. План на црквата во Хисар (F. Peja, A. Hajdari, 2014)

[95] Fatmir Peja, Arben Hajdari. "Kalaja e Kastercit - rezultatet e germimeve arkeologjike (2010-2012)." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012,* by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 328-352.
[96] Fatmir Peja, Arben Hajdari. "Kalaja, 328-352.

### 7.1.10. Ранохристијанска црква во Врбница

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Врбница |
| Општина | Призрен |
| Село | Врбница |
| Y | 7463854.07 |
| X | 4669438.85 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 27.75 x 15.57 m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | необработено |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 32. План на црквата во Вермица (G.Hoxha, 2016)

Црквата се наоѓа во селото Врбница, во близина на границата со Албанија. На овој археолошки локалитет била откриена еднокорабна црква која датира од ранохристијанскиот период. Остатоците од црквата се наоѓаат под друг објект од подоцнежен период. На овој локалитет биле откриени повеќе од 450 гробови [97]. Оваа црква е спомната од неколку научници, но за жал не е доволно обработена. Црквата има димензии од 27,75 x 15,57 метри [98] и е евидентирана како една од црквите кои припаѓаат на ранохристијанскиот период [99].



Слика 33. Структури во Вермица (E. Shukriu, 2018)

[97] Hoxhaj, Vesel. *Guida Arkeologjike e Prizrenit*. Prizren: Komuna e Prizrenit, 2012, 38.
[98] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA)*, 2016, 9-32.
[99] Shukriu, Edi. *Kosova Antike*. Prishtina: Archaeological Institute of Kosovo, 2018, 116.

### *Улпијана*

Римскиот и византискиот археолошки локалитет Улпијана е еден од најинтересните археолошки центри на територијата на Косово. Првите траги на живот на овој локалитет припаѓаат на бронзеното и железното време. Како урбан центар Улпијана била основана од царот Трајан/Marcus Ulpius Traianus (98-117), по кој го добила и своето име. Се смета дека Улпијана била основана како римски муниципиум во 169 година и била позната како Municipium Ulpianum во периодот кој следел[100]. Во секој случај, својата урбана кулминација Улпијана ја достигнала во текот на III и IV век, кога градот прераснал во многу важен политички, економски и културен центар на Дарданија[101].

Римскиот град Улпијана во овој период бил опишуван како Municipum Улпијана Splendissima и се карактеризирал со патна мрежа, ортогонален систем на градење, водоводна мрежа, атмосферска канализација, градби и разни други јавни, сакрални, профани и утилитарни објекти. Во продолжение, муниципиумот Улпијана бил многу важен трговски центар за металуршки, уметнички и земјоделски производи во текот на првите пет века на првиот милениум, а особено во време на владеењето на византискиот цар Јустиниан Велики во VI век, време кога Улпијана била обновена и го добива новото име Јустинијана Секунда [102].

Овој археолошки локалитет многу рано се нашол на мапата на археолозите и патниците од причина што го споменуваат неколку антички писатели. Првиот кој го споменува е Птоломеј во II век, потоа Марцелиус Комес во неговата хроника на катастрофалниот земјотрес од 518 година, а најважно е што градот бил забележан на мапата на Прокопиј од Цезареа во неговата книга *За Градбите* – De Aedificiis, каде се вели: “ *тој сруши поголем дел од одбранбениот ѕид, затоа што беше многу оштетен*

[100] Archaeological Institute of Kosovo. *Brochure- Ulpiana Archeological Park.* Prishtina: Ministry of Culture, Youth and Sport, 2016, 6.
[101] Berisha, Milot. "Ulpiana of Dardania in the light of the Archeological researches." In Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012, by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 289-328.
[102] Ministry of Culture Youth and Sport. *Database for Cultural Heritage.* 2014. https://dtk.rks-gov.net/tkk_objekti.aspx?id=9462 (accessed March 21, 2019)

*и бескорисен, и направи голем број подобрувања во градот, давајќи му го денешниот изглед; и го нарече Јустиниана Секунда/*"[103].

*„Подигнат на возвишението Градина кај Љипљан, не е тешко да се разбере важноста на античката Улпиана во илирската географија",* се зборовите на Сер Артур Еванс во Љипљан, кој сметал дека го открил славниот град Улпијана додека патувал во Илирик. Тој се повикува на неколку автори од денешницата, како Јаничек, како и на оние од минатото, Прокопиј, Марценин Комес, во неговите мемоари, додека ја опишува важноста на овој град [104] Сепак, првото рекогносцирање на местото, како археолошки локалитет се случило во 1926 година, од страна на архитектот Бошковиќ, кој ги забележал фрагментите во околината на локалитетот, без притоа да биде свесен за неговата важност [105].

Првите значајни археолошки ископувања на овој локалитет биле изведени во 1953 година од страна на Илија Николиќ. Николиќ започнал со четири пробни ровови во северната некропола која се наоѓа надвор од обѕидието на Улпијана. Во продолжение на работата на Николиќ, Е. Цершков ги продолжил неговите истражувања со систематските ископувања на овој локалитет во траење од 6 години. Од 1954 до 1956 година, помеѓу наинтересните наоди од оваа кампања се и ранохристијанската базилика во Улпијана и фунерарната градба позната како Меморија во која бил откриен мермерен саркофаг.[106] Ископувањата продолжиле до 1959 година при што биле откриени и други централни делови од градот, термалните бањи, главната улица - *cardo maximus,* каструм и северната некропола. Систематските ископувања потоа биле запрени еден определен период, а во 1966 година биле реализирани заштитни ископувања. Уште една серија на систематски ископувања започнала од 1981 до 1987 година, предводена од Маја Паровиќ-Перискан, при што фокусот бил ставен на северната градска порта, каде помеѓу најнтересните наоди се издвојува бронзенодобниот тумул со урни од типот Долна Берница. Во 1995 година била извршена последната интервенција на локалитетот пред војната во 1999 година.

---

[103] Procopuis. *On Buildings Vol. 7: , H. B. Dewing (Translator).* Boston: Harward University Press, 1940, 227.
[104] Evans, Arthur. *Antiquarian researchaes in Illyricum III-IV.* London: Westminster, 1885, 62.
[105] Berisha, Milot. "Ulpiana of Dardania in the light of the Archeological researches." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012,* by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 289-328: Boskovic 1927.
[106] Lj. Popović, E. Cerskov. "Prethodni ezvestaj o arheoloskim istrazivanjima of 1954 do 1956." Glasnik Muzeja Kosova i Metohije, 1956, 319- 327.

Од причина што Улпијана е сместена во близина на српската населба Грачаница, враќањето на археолозите на локалитетот било со споро темпо. Музејот на Косово единствено имал улога во одржувањето на локалитетот во период од неколку години по војната. Меѓу првите истражувачки експедиции кои имале за цел да ја дообјаснат работата на Маја Паровиќ-Перискан е онаа во 2006 година, изведена од група археолози предводена од страна на Еди Шукриу од Универзитетот во Приштина и Универзитетот Пјер Мендез, под раководство на Жан-Лук Ламболеј [107]

Уште една група на експерти од Археолошкиот институт од Бон, во соработка со Археолошкиот институт на Косово започнале со недеструктивни методи со геофизички снимања на повеќе од 40 хектари на локалитетот Улпијана со користење на *Fluxgate* магнетометар. Оваа кампања довела до отпочнување на археолошките работи




Слика 35. Воздушна снимка на Улпијана од Arben Llapashtinca(Улпијана Instagram page, 2019)

[107] A. Hajdari, Pleurat Kabashi, Jean-Luc Lamboley, Edi Shukriu, Altin Skenderaj, *PREMIERS RÉSULTATS DES CAMPAGNES DE FOUILLES À ULPIANA (2006-2008),* 445-454.
[108] Wendling, M. Berisha – A. Drafehn – S. Gashi – R. Gauß – M. Helfert – K. Luci – F. Lüth – P. Mertl – S. Reichler – G. Schafferer – F. Teichner – H. "Archäologisch-geophysikalische Prospektion im Kosovo – Erste Resultate einer bilateralen Forschungskooperation." AA 2012,2, 2013, 65–92.
[109] Çetinkaya, Halûk. "Early Christian architecture in Ulpiana." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA 3, 2016, 30-46.
[110] https://zeri.info/kultura/114276/Ulpiana-edhe-zyrtarisht-behet-park-arkeologjik/ (Zeri 2016)

### 7.1.11. Ранохристијанска базилика во Улпијана

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска базилика во Улпијана |
| Општина | Грачаница |
| Село | Улпијана |
| Y | 21°10'31.38"E |
| X | 42°35'46.22"N |
| Законската заштита | Трајна заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 33.5 x 14 m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | позитивен |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 36. Teichner 2016

Помеѓу првите градби кои биле откриени во градот Улпијана е ранохристијанската базилика. Базиликата била откриена во 1956 година во текот на првите археолошки истражувања водени од страна на Мил Цершков [111]. Оваа базилика има еден кораб кој завршува со масивна апсида на источната страна; димензиите на оваа градба се 33,5 метри должина и 14 метри ширина. Главниот *наос* е поврзан со нартексот преку *трибелон*. Нартексот има четири влезови и тоа, еден кој го поврзува со главниот наос, еден кој комуницира со егзонартексот и два странични, потоа еден со апсидата на источната страна и со уште една правоаголна просторија. [112]

На влезот кој комуницира со егзонартексот и нартексот како скалило била вметната стела која датира од порано, а до стелата in situ биле откриени и два импост капители. Оваа базилика исто така има и погребна крипта во апсидата. Подот на наосот е поплочен со тули и варов малтер. На длабочина од 0,4 метри бил откриен монохромен мозаик, но тој припаѓа на друга фаза на градбата. [113] Присуството на мозаикот, како и

[111] Lj. Popović, E. Cerskov. "Prethodni izvestaj o arheoloskim istrazivanjima of 1954 do 1956." Glasnik Muzeja Kosova i Metohije, 1956, 319- 327.
[112] Berisha, Milot. "Ulpiana of Dardania in the light of the Archeological researches." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012,* by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 305.
[113] Lj. Popović, E. Cerskov. "Ulpiana- Prethodni izvestaj o arheoloskim istrazivanjima u 1957 god." *Glasnik Muzeja Kosova i Metohije,* 1957, 321-326.

на други ритуални градби во текот на различните фази на градот покажуваат дека овој простор бил сметан за сакрален. [114]



Слика 38. План на базилика (Popovic&Cerskov 1956)




Слика 38. (Felix Teichner, 2016)

Базиликата била утврдена и имала четири кружни кули поставени на аглите. Базиликата била изградена по систематското уништување на еден пагански храм, веднаш до овој објект. Со цел да да се заштити оваа градба, како и некрополите околу неа, била подигната византиска квадратна кула - *quadriburgium*. [115] Уште еден важен наод се трите импост капители кои биле откриени in situ надвор од објектот, паралелно на јужниот ѕид на базиликата. Според Халук, и покрај тоа што ова не го привлекло вниманието на археолозите од претходните кампањи на истражување, ова е важен наод кој упатува на постоење на параклис. Тој сугерира дека параклисот бил додаден во текот на средно-визнатискиот период, на тој начин продолжувајќи го живеењето на градот Улпијана.[116] .



`Слика 39. Брошура за археолошкиот парк Улпијана (Arben Llapashtica, 2016)

[114] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA), 2016, 9-32.
[115] Teichner, Felix. "ULPIANA – IUSTINIANA SECUNDA (KOSOVO):." Ephemeris Napocensis, XXV, 2015, 81–93
[116] Çetinkaya, Halûk. "Early Christian architecture in Ulpiana." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA 3, 2016, 30-46

## 7.1.12. Меморија во Улпијана

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Меморија во Улпијана |
| Општина | Грачаница |
| Село | Улпијана |
| Y | 21°10'26.24"E |
| X | 42°35'55.34"N |
| Законската заштита | Трајна заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 40. План на меморијата (Parovic-Periskan, 1981)

Уште едно важно откритие на ископувањата од 1956 година предводени од Емил Церсков е фунерарниот објект познат како Меморија. Овој објект е лоциран во северната некропола на Улпијана, а во него биле откриени и голем број гробови, при што повеќето биле со богат инвентар. Меморијата е објект со неправилна правоаголна форма и служела како колективна гробна конструкција, со димензии 14 метри во должина и 9 метри во ширина[117] Во Меморијата биле откриени три саркофази, како и гробна конструкција. Еден од највпечатливите наоди од овој објект е уникатниот саркофаг изработен од бел мермер. Мермерот бил импорт од островот Парос во Мраморно Море и датира од доцниот III - ран IV век.[118]

Меморијата била обновена во текот на VI век, што воедно претставува и нејзина последна фаза на употреба [119] Целиот комплекс бил трансформиран и преобликуван во

[117] Hoxha, Gezim. "Die frühchristlichen Denkmäler und der Stand der Forschung zum frühen Christentum." *Die Mitteilungen zur Christlichen Archäologie (MiChA)*, 2016, 9-32.
[118] Lj. Popović, E. Cerskov. "Prethodni ezvestaj o arheoloskim istrazivanjima of 1954 do 1956." Glasnik Muzeja Kosova i Metohije, 1956, 319- 327.
[119] Berisha, Milot. "Ulpiana of Dardania in the light of the Archeological researches." In *Germime dhe studime arkeologjike ne Kosove 2000-2012*, by ASHAK, Prishtina: ASHAK, 2014, 289-328.

форма на еднокорабна црква со нартекс и два надолжни анекси, слична на базиликата во утврдениот дел на Улпиана, иако многу помала по димензии. Влезот од нартексот во наосот бил изведен во вид на отвор со врата со два столба чиишто импост капители биле откриени in situ. Пред овој влез имало поден мозаик со геометриски орнамент и натпис со посвета на латински јазик [120]. Се верува дека објектот служел како ранохристијанска гробна капела. Црквата и северната некропола се наоѓаат надвор од градските ѕидини (extra muros).[121]



Слика 41. Северна некропола на Улпијана (Arben Llapashtica, 2016)

[120] Çetinkaya, Halûk. "Early Christian architecture in Ulpiana." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA 3, 2016, 30-46.
[121] Lj. Popović, E. Cerskov. "Ulpiana- Prethodni izvestaj o arheoloskim istrazivanjima u 1957 god." *Glasnik Muzeja Kosova i Metohije,* 1957, 321-326.

### 7.1.13. Епископска базилика во Улпијана

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Епископска базилика во Улпијана |
| Општина | Грачаница |
| Село | Улпијана |
| Y | 21°10'29.23"E |
| X | 42°35'41.53"N |
| Законската заштита | Трајна заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 20 x 40 m |
| Број на бродови | 3 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | позитивен |
| Егзонартекс | негативни |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 42. План на Епископската базилика во Улпијана (Brochure, 2016)

Уште едно големо откритие кое помогнало да се формира идејата за Улпијана во поглед на верувањата на населението е откривањето на Епископската базилика во Улпијана. Оваа градба е една од најважните во градот. Заедно со баптистериумот тие го формираат епископскиот центар на градот. Во текот на истажувањата во 2012 година била откриена трокорабна црква со димензии 20 x 40 метри. Полукружната апсида е на источната страна. Археолозите документирале две фази на оваа градба. Првата била изградена во текот на IV век и била уништена во земјотрес.[122]

Најверојатно во крајот на IV или почетокот на V век уште една црква била обновена.. Новоизградената црква била стеснета на северната и јужната страна за речиси 1 метар. До ѕидовите на првата градба биле откриени погребувања. Што се однесува до организацијата на градбата, имало три влеза кои воделе во нартексот и продолжувале и во наосот. На белите мермерни плочи биле забележани траги од дупки за врати. Траги од импост капителите сеуште се забележуваат во наосот, што укажува на поделба на

[122] Çetinkaya, Halûk. "Early Christian architecture in Ulpiana." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA 3, 2016, 30-46.

главниот брод од страничните со столбови. Од синтронот од првата фаза на црквата постојат само траги. [123]

Првата Епископска базилика била декорирана со ранохристијански геометриски мозаик[124], со исклучок на јужниот брод каде се забележуваат претстави на две притици. Што е уште поважно, во неа има повеќе од 22 ктиторски натписи на латински јазик. За жал, овие натписи не биле откриени во добра состојба. Најдобро зачуваните мозаици биле откриени во јужниот крај на нартексот. Од мозаикот во наосот зачувани се мали делови. Делови од мозаици со претстава на крстови се зачувани со северниот брод, и во мал дел во јужниот брод. Во втората фаза, кога втората базилика била изградена над првата, најверојатно поради недостиг на финансии, овој објект не бил декориран со мозаик, а, исто така, и постоечките мозаици не биле обновени. [125]



Слика 43. Поглед на епископскиот центар од горе. Улпијана Archeological Park Brochure (Arben Llapashtica, 2016)

Во текот на ископувањата биле документирани траги од оштетувањата настанати во земјотресот. Дупките кои биле создадени додека паѓале ѕидовите на градбата може да се видат низ целиот објект. Исто така биле откриени парчиња стакло и дрво расфрлани низ објектот. Овие парчиња стакло и дрво се показател дека во објектот постоеле врати и прозори.

.

[123] Çetinkaya, Halûk. "Early, 30-46.

[124] Berisha, Milot. "Nje veshtrim historik i dardanise gjate antikitetit te vone." *Kosova arkeologjike 2,* 2015, 67-92.

[125] Çetinkaya, Halûk. "Early Christian architecture in Ulpiana." STUDIA ACADEMICA ŠUMENENSIA 3, 2016, 30-46.




Слика 44. . Мозаици од Епископската базилика во Улпијана: a) Птици и кантарос, b) Крстови, c) Латински натписи (C.Hakuk, 2016)

### 7.1.14. Баптистериум во Улпијана

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Баптистериум во Улпијана |
| Општина | Грачаница |
| Село | Улпијана |
| Y | 21°10'29.23"E |
| X | 42°35'41.53"N |
| Законската заштита | Трајна заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 13 m |
| Број на бродови | n/a |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | кружни |
| Апсида | n/a |
| Нартекс | негативни |
| Егзонартекс | негативни |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 45. План на баптистериумот (Улпијана Archeological Park Brochure,2016)

Христијанскиот баптистериум откриен во градот Улпијана во 2012 година до денес претставува единствен пример на баптистериум на територијата на Косово [126]. Ископувањата откриле кружна градба т.е. октогонална градба формирана од осум апсиди. Радиусот на градбата е околу 13 метри. На западниот дел на објектот бил откриен долг ѕид, а до него мал хипокауст. Подот на објектот бил поплочен со варов малтер. Најверојатно баптистериумот бил изграден над римска куќа. Трагите од земјотрес исто така се видливи и во баптистериумот. На подовите на градбата има отстапувања и до 0,4 метри. Баптистериумот е датиран во IV век од страна на турскиот археолог Ц. Халук, со што овој објект е најстариот христијански споменик во регионот.



Слика 46. Воздушна снимка на баптистериумот во Улпијана (C.Haluk, 2016)

[126] Berisha, Milot. "Nje veshtrim historik i dardanise gjate antikitetit te vone." *Kosova arkeologjike 2*, 2015, 67-92.

### 7.1.15. Мартириум во Бањица

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Мартириум во Бањица |
| Општина | Исток |
| Село | Бањица |
| Y | 42.72388889000 |
| X | 20.39029167000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Археолошки ископувања |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 17,50 x 6 m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | n/a |
| Егзонартекс | n/a |
| Период на функционирање | n/a |



Слика 47. Топографска карта на некрополата во Бањица

Овој мартириум првпат бил документиран од страна на Сер Артур Еванс во текот на неговото патување во Илирик. Во неговата книга Antiquarian Степенот на истраженостes in the Illyricum, Сер Еванс најпрво ги опишува некрополите а потоа дава детален опис на подземната градба која ја видел "*Се најдов во ниска, како буре заоблена правоаголна просторија, изградена од мали грубо делкани парчиња камен и со отвор во една друга навидум слична просторија. Во првата, која до половина беше полна со шут, најдов големо делче од римски венец, чија внатрешна страна беше*



Слика 48. План на мартириумот во Бањица (АМК,2012

*издлабена најверојатно со цел да формира средновековен саркофаг. Другата просторија во која што се спуштив беше во многу поизворна состојба, овална по форма со зарамнето засводување од грубо делкани камења. Сепак, и оваа просторија*

*беше речиси задушена со земја и шут*”.[127] Првите археолошки ископувања биле изведени во септември 1967 година под раководство на археологот В. Јовановиќ.[128]



Слика 49. Стела од мартириумот во Бањица (АМК, 2012)

Археолошките ископувања откриле правоаголна градба со еден кораб и со ориентација исток-запад, како и со апсида која ја покрива целата источна страна на градбата. Според извештајот, станува збор за фунерарна градба, хипогеум, во кој биле погребани тројца покојници, маж, жена и дете - ранохристијански мартириум. Димензиите на градбата се 17,50 x 6 метри, додека димензиите на криптата во внатрешноста се 6,25 метри должина, 3,75 метри ширина и 2,75 метри висина. Изградбата на објектот била изведена од страна на локални ѕидари. Дел од поинтересните наоди во текот на ископувањето биле олтар, стела на гроб, лампи и маслениици.

Олтарот бил откриен во фрагменти. Бил исклесан на парче бел мермер со натпис RVFVS во долниот дел, додека во горниот дел е испишано SILVANO DEO S(acrum). Се смета дека овој олтар припаѓа на периодот II-III век. Стелата била откриена помеѓу плочите кои покривале еден од гробовите. Стелата имала димензии 1,75 x 0,85 x 0,30 метри, а била декорирана со кантарос и винова лоза, датирана во III век. Воедно, наодите на светилки и маслениици наведуваат на заклучок дека гробот бил користен за религиозни церемонии. Врз основа на сето ова, главниот археолог заклучил дека станува збор за мартириум изграден во периодот од IV-VI век .[129]

[127]Evans, Arthur. *Antiquarian researchaes in Illyricum III-IV.* London: Westminster, 1885, 70
[128] Jovanovic, Vojkan. *Arheološki Pregled 9,* 1967, 121- 125.
[129] Instituti Arkeologjik i. Kosoves, *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 45.

## 7.2. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2006 година

Во текот на 2006 година, во рамките на рекогносцирачката евиденција биле идентификувани десет ранохристијански цркви. Во ова поглавје се презентирани овие десет цркви. Оваа евиденција била реализирана во Дечани, Драгаш, Ѓаковица, Исток, Клина, Милешево, Пеќ, Призрен, Раховец и Сухарека. Од причина што овие објекти се идентификувани единствено преку рекогносцирање, поголемиот дел од градбите не се доволно обработени. Од вкупно десет градби, само две се наведени како еднокорабни цркви, една е заведена како трободна базилика, додека останатите седум треба да бидат археолошки истражени со цел да се добие појасна слика. Сите овие цркви биле датирани во ранохристијанскиот период врз основа на наоди или пак, врз основа на опусот на ѕидање.




Мапа 3. Просторно протегање на археолошките локалитети идентификувани во текот на 2006 година

### 7.2.1. Траги од стара црква во Црмљане

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од стара црква во Црмљане |
| Општина | Ѓаковица |
| Село | Црмљане |
| Y | 7456941.99 |
| X | 4703737.14 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Период на функционирање | необработено |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Ехо-Нартекс | необработено |



Слика 50. Топографска мапа на Цермијан (GoogleMaps, 2019)

Трагите од стара црква во селото Црмљане кај Ѓаковица биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата за наука и уметности на Косово и Академијата за наука и уметности на Албанија. На врвот на еден рид крај селото биле видливи траги од ѕидови на стара црква. Воедно, во близина на локалитетот биле откриени и голем број гробови. Локалното население овој локалитет сеуште го смета за свето место.[130]

[130] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 270.

### 7.2.2. Урнатини од ранохристијанска црква во Липовац

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Урнатини од ранохристијанска црква во Липовац |
| Општина | Ѓаковица |
| Село | Липовац |
| Y | 7456364.51 |
| X | 4686844.57 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | доцна антика |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |




Слика 51. Топографска мапа на Љипљан (AMK, 2006)

Трагите од стара црква во селото Липовац кај Ѓаковица биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Локалното население овој рид го нарекува *рид на црквата*. На врвот постојат остатоци од објект со ориентација исток-запад. Со ова се потврдува името на самиот рид. Планот на црквата не може да се разјасни затоа што местото е обраснато со вегетација. И покрај тоа што објектот се наоѓа на тешко достапен терен, на површина поголема од 0,1 хектар биле откриени остатоци од варовни и глинени покривни плочи, со што археолозите оваа црква ја датирале во доцноантичкиот период. [131]

[131] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 267.

### 7.2.3. Средновековна црква во Јахоц

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Сдновековна црква во Јахоц |
| Општина | Ѓаковица |
| Село | Јахоц |
| Y | 7450704.34 |
| X | 4693934.34 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 15x10m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |




Слика 52. Топографска мапа на Јахоц (АМК, 2006)

Во селото Јахоц постои уште еден рид познат под топонимот *рид на црквата*. Локалното население смета дека оваа црква била посветена на Св. Ѓорѓи. И покрај тоа што е лоцирана на тешко достапен терен поради бујната вегетација, сепак видливи се остатоци на правоаголна базилика со димензии 15 x 10 метри, како и апсида. Воедно, по целиот локалитет има траги од варовни и глинени покривни плочи [132].

[132] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 269.

### 7.2.4. Траги од црква во Јанчишта

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Јанчишта |
| Општина | Малишево |
| Село | Јанчишта |
| Y | 7477929.38 |
| X | 4699079.87 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |




Слика 53. Топографска мапа на Јанчиште (AMK, 2006)

Трагите од црквата во селото Јанчишта во Малишево биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Идентификувањето на црквата е направено врз основа на податоци добиени од локалното насленеие, кое говорело за постоење на стара црква во близина на стар извор. За жал, дополнителни информации не се дадени[133].

[133] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 273.

### 7.2.5. Црква во Ладровац

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црква во Ладровац |
| Општина | Малишево |
| Село | Ладровац |
| Y | 7485028.3 |
| X | 4707482.85 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирањ е | необработено |




Слика 54. Топографска мапа на Ладроц (АМК, 2006)

Црквата во Ладровац била идентификувана во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Во текот на рекогносцирањето на овој регион, на т.н. места „Место на Црквата“ и „Камен на црквата“ биле забележани траги од еднокорабна црква. Остатоците од ѕидови имале спој од варов малтер. Со цел да се добијат повеќе податоци за оваа црква потребни се археолошки ископувања. [134]

[134] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 275.

### 7.2.6. Црква во Бубавец

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црква во Бубавец |
| Општина | Малишево |
| Село | Бубавец |
| Y | n/a |
| X | n/a |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 8x15m |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 55. Ортографска мапа на селото Бубавец (Google maps, 2019)

Оваа црква во Бубавец кај Милешево била идентификувана во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Во текот на рекогносцирањето биле идентификувани делови од ѕидови. Од овие остатоци може да се види еднокорабна црква со димензии 8 x 15 метри, со ориентација исток-запад.[135]

[135] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVЁS, 2006 , 297.

### 7.2.7. Црква во Крушевац

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црква во Крушевац |
| Општина | Пеќ |
| Село | Крушевац |
| Y | 7447136.09 |
| X | 4715433.77 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирањ е | необработено |




Слика 56. Ортографска мапа на селото Крушец (Google maps, 2019)

Црквата во Крушевац кај Пеќ била идентификувана во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Освен координатите на локалитетот, не се дадени дополнителни информации [136].

[136] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVЁS, 2006, 337.

### 7.2.8. Траги од црква во Пустосело

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Пустосело |
| Општина | Ораховац |
| Село | Пустосело |
| Y | 7466122.94 |
| X | 4701179.54 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 15 x 10 m |
| Број на бродови | 3 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 57Топографска мапа на Пастасел (НАК, 2006)

Трагите од црквата во Пустосело биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Во текот на рекогносцирањето биле забележани остатоци од базилика. Иако во лоша состојба, од причина што е лоцирана на земјоделско земјиште, основните елементи на објектот биле забележливи. Базиликата имала три брода и ориентација исток-запад. Нејзините димензии се 15 x 10 метри. Иако слабо, апсидата сепак е видлива на теренот. Јужниот ѕид имал дебелина од 0,65 метри, изграден од делкан камен поврзан со варов малтер помешан со толчена тула. Археолошките наоди од теренот се состојат од фрагменти од тули и покривни плочи, како и керамички фрагменти со доцноантичка провениенција [137]

[137] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVЁS, 2006, 277.

### 7.2.9. Траги од црквата во Дреновац

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Дреновац |
| Општина | Ораховац |
| Село | Дреновац |
| Y | 7466816.62 |
| X | 4699179.85 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Дреновац биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. Освен координатите, за овој локалитет не се дадени други информации. [138]

[138] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 338.

### 7.2.10. Траги од црквата во Петковиќ

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Петковиќ |
| Општина | Ораховац |
| Село | Петковиќ |
| Y | 7463669.36 |
| X | 4703123.56 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Петковиќ биле идентификувани во текот на евиденцијата изведена во 2006 година од страна на археолози од Академијата на наука и уметности на Косово и Академијата на наука и уметности на Албанија. За овој локалитет не постојат други информации. [139]

[139] Kastrati, Luan Përzhita Kemajl Luci Gëzim Hoxha Adem Bunguri Fatmir Peja Tomor. *Harta arkeologjike e Kosoves I.* Prishtina: AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS, 2006, 338.

## 7.3. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2012 година

Дванаесет ранохристјански цркви биле идентификувани во текот на рекогносцирањето во 2012 година реализирано од страна на Археолошкиот институт на Косово, а објектите се претставени во ова поглавје. Истражувањето било спроведено во Исток, Србица, Глоговац, Вучитрн, Обилиќ, Косово Поље, Липљан и Штимље. За жал, од вкупно дванаесет идентификувани цркви, само една се смета за еднокорабна базилика, како и уште една која има најмалку два брода. Освен локацијата, за најголем дел од објектите се дадени и димензиите на градбите. Исто така се документирани и апсидата и димезиите на радиусот. Сите објекти се датирани во овој период врз основа на наоди или опусот на ѕидање.




Мапа 4. Просторно протегање на археолошките локалитети идентификувани во текот на 2012 година

### 7.3.1. Римската црква во Горен Драговац

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Римската црква во Горен Драговац |
| Општина | Исток |
| Село | Горен Драговац |
| Y | 42.770625 |
| X | 20.51709722 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 12x8m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 58. Римска црква (АМК, 2012)

Римската црква во Горен Драговац била идентификувана во текот на рекогносцирањето изведено во 2012 година од страна на косовскиот Институт за археологија. Евиденцијата била извршена врз основа на податоци добиени од локалното население. Во текот на рекогносцирањето бил идентификуван споменик со димензии 12 x 8 метри, со видлива полукружна апсида. Градбата има ориентација исток-запад. Една дупка од крт на површината извадила остатоци од бел варов малтер[140].

[140] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 45.

### 7.3.2. Траги од црквата во Беланица

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Беланица |
| Општина | Исток |
| Село | Беланица |
| Y | 42.75 |
| X | 20.63333333 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Доцна антика |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 59. Локација на црквата во Лугиќ (АМК, 2012)

Трагите од црквата во Беланица биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Поради вегетацијата, биле забележани само остатоци од камења, варов малтер и фрагменти од покривни плочи. Ова било доволно да се заклучи дека се работи за градба од доцноантичкиот период.[141]

[141] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 61.

### 7.3.3. Траги од црквата во Церце

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Церце |
| Општина | Исток |
| Село | Церце |
| Y | 42.77909722 |
| X | 20.45747222 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 12 x 7m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 60. Локалитет „Стара црква“ во Церце

Трагите од црквата во Церце биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на рекогносцирањето биле идентификувани темелите на црква со димензии 12 x 7 метри.[142]

[142] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 64.

### 7.3.4. Траги од црквата во Синаја

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Синаја |
| Општина | Исток |
| Село | Синаја |
| Y | 42.7914 |
| X | 20.52395833 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 6x4.5m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | необработено |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Синаја биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Местото каде што се наоѓа црквата меѓу локалното население е познато како стара црква. Во оваа прилика биле идентификувани остатоци од црква со димензии 6 х 4,5 метри со апсида и со ориенација исток-запад. Исто така in-situ била откриена и квадратно-правоаголна плоча со два врежани крста.[143]

[143] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 79.

### 7.3.5. Големата црква (црквата во Радец) кај Резала

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Големата црква (црквата во Радец) кај Резала |
| Општина | Србица |
| Село | Резала |
| Y | 43.16081667 |
| X | 21.30261111 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 13.5x8m |
| Број на бродови | 2 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 61. Остатоци од големата црква во Резала (АМК, 2012)

Големата црква (црквата во Радец) кај Резала била идентификувана во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. На еден приватен имот каде течат две реки била забележана архитектонска структура. Само северниот дел бил видлив поради густата вегетација. Оваа градба имала најмалку Два брода со ориентација исток-запад. Ѕидовите биле направени од делкан камен поврзан со варов малтер. Во околината на црквата локалното население забележало траги од мноштво коски, со што се заклучило дека се работи за гробови околу црквата. [144]

[144] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 75.

### 7.3.6. Стара црква во Србица

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Стара црква во Србица |
| Општина | Србица |
| Село | Суво Грло |
| Y | 42.81437778 |
| X | 20.65673056 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирањ е | необработено |




Слика 62. Отрофотографија на локацијата на големата црква (АМК, 2012

Така наречената „Стара црква“ во Србица била идентификувана во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на ова истражување била забележана црковна градба од обработен камен поврзан со варов малтер. Во околината на објектот биле пронајдени голем број доцноантички керамички фрагменти.[145]

[145] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves* - *Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 120

### 7.3.7. Траги од црква во Добрашец

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Добрашец |
| Општина | Глоговац |
| Село | Добрашец |
| Y | 42.81437778 |
| X | 20.65673056 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | 1 |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црква во Добрашец се откриени во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на рекогносцирањето биле забележани остатоци од стара црква. Била идентификувана еднокорабна црква со димензии 5 х 10 метри, додека радиусот на апсидата бил 3 метри. Влезот во објектот не може да се измери, но забележлива е конфигурацијата на ѕидовите под земјата.[146]

[146] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 144.

### 7.3.8. Траги од црквата во Трстеник

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Трстеник |
| Општина | Глоговац |
| Село | Трстеник |
| Y | 42.65683611000 |
| X | 20.85235000000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 10x4m |
| Број на бродови | позитивен |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Трстеник биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. При рекогносцирањето под површината на теренот биле забележани остатоци од објект со димензии 10 x 4 метри и апсида со радиус 2 метри.[147]

[147] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 151.

### 7.3.9. Траги од црквата во Долна Фушица

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Долна Фушица |
| Општина | Глоговац |
| Село | Долна Фушица |
| Y | 42.56717778000 |
| X | 20.92739444000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 10 x 5m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Долна Фушица биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на евиденцијата под почвата биле забележани остатоци од градбата. Црквата има димензии од 10 x 5 метри со апсида со радиус 1,5 метри.[148]

[148] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 152.

### 7.3.10. Траги од црквата во Долна Коретица

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Долна Коретица |
| Општина | Глоговац |
| Село | Долна Коретица |
| Y | 42.61304722000 |
| X | 20.90447778000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 20x10m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Долна Коретица биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на евиденцијата под почвата биле забележани остатоци од објектот. Црквата има димензии од 20 x 10 метри со апсида со радиус од 3 метри. Ориентацијата е исток-запад. Во непосредна близина на црквата има неколку гробови. [149]

[149] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 153.

### 7.3.11. Средновековна црква во Смерковница

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Средновековна црква во Смерковница |
| Општина | Вучитрн |
| Село | Смерковница |
| Y | 42.86393889000 |
| X | 20.94111111000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 12 x 6m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 63. Ѕидот на црквата во Смерковица (АМК, 2012)

Средновековната црква во Смерковница била идентификувана во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. Црквата има ориентација исток-запад. Димензиите на црквата се 12 x 6 метри со апсида која е полукружна од внатрешната, а триаголна од надворешната страна. Ѕидовите на црквата се зачувани со различна височина, од 0,6 до 2,0 метри. Тие се направени од неправилни камења и поврзани со варов малтер, во техника која била користена за обѕидијата на доцноантичките тврдини. Врз основа на овој опус на ѕидање археолозите ја датирале црквата во доцноантичкиот или раностредновековниот период во текот на рекогносцирањето.[150]




[150] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 191

### 7.3.12. Урнатини од ранохристијанска црква во Бајице

| | | |
|---|---|---|
| Името на објектот | Урнатини од ранохристијанска црква во Бајице |  Слика 65. . Поглед на црквата во Бањица (АМК, 2012) |
| Општина | Липјан | |
| Село | Бајице | |
| Y | 42.51579167000 | |
| X | 20.92001389000 | |
| Законската заштита | Привремена заштита | |
| Степенот на истраженост | Идентификувани | |
| Периодот | Ранохристијански | |
| Димензиите | 11x7m | |
| Број на бродови | необработено | |
| Ориентаија | необработено | |
| Форма | правоаголни | |
| Апсида | необработено | |
| Нартекс | необработено | |
| Егзонартекс | необработено | |
| Период на функционирањ е | необработено | |

Остатоците од раносредновековна црква во Бајице биле идентификувани во текот на рекогносцирањето од 2012 година извршено од страна на косовскиот Институт за археологија. При теренското рекогносцирање биле забележани траги од урнатини од црква со димензии 11 x 7 метри. Според кажувањата на локалното население во близина на локалитетот имало бунар од ѕидан камен. Материјалот откриен околу локалитетот истиот го датира во доцноантичкиот и римскиот период. [151]

[151] Instituti Arkeologjik i Kosoves. *Harta Arkeologjike e Kosoves - Vellimi 2.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2012, 233.

## 7.4. Археолошки локалитети идентификувани во текот на 2017 година

Последната група на објекти во поглавјето *„Археолошки локалитеити идентификувани во текот на 2017 година“* претставува десет раносредновековни цркви кои биле идентификувани и документирани. Како и во претходната група, и овие биле идентификувани од страна на Археолошкиот институт на Косово преку рекогносцирање, а за објектите се дадени информации за ориентацијата, димензиите и присуството на апсида. Како и во претходниот случај, сите цркви биле датирани во периодот кој го обработуваме врз основа на наоди или опусот на ѕидање. Евиденцијата била спроведена во Урошевац, Ѓњилане, Елез Хан, Качаник, Каменица, Клокот, Партеш, Ранилуг, Штрпце и Витина.




Мапа 5. Просторно протегање на археолошките локалитети идентификувани во текот на 2017 година

### 7.4.1. Траги од црквата во Гребно

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црквата во Гребно |
| Општина | Урошевац |
| Село | Гребно |
| Y | 42.32922222000 |
| X | 21.15297222000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 16x12m |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | позитивен |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црквата во Гребно биле идентификувани во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. Оваа црква била идентификувана западно од селото Греме. Црквата има димензии од 16 x 12 метри, со апсида со диаметар 3,7 метри.[152]

---

[152] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 34.

### 7.4.2. Ранохристијанска црква во Паледеоница

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Ранохристијанска црква во Паледеоница |
| Општина | Елез Хан |
| Село | Паледеоница |
| Y | 42.16397222000 |
| X | 21.29169444000 |
| Законската заштита | Привремена заштита |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Оваа ранохристијанска црква била идентификувана во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. Поради бујната вегетација биле забележани само видливите остатоци. Ѕидовите биле направени од камен поврзан со варов малтер. Околу објектот биле забележани фрагменти од покривни плочи и тули од античкиот период. [153]

[153] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 172.

### 7.4.3. Траги од црква во Режаница

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Режаница |
| Општина | Елез Хан |
| Село | Режаница |
| Y | 42.14769444000 |
| X | 21.28791667000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | 7x4m |
| Број на бродови | Необработено |
| Ориентаија | Необработено |
| Форма | правоаголни |
| Апсида | Необработено |
| Нартекс | Необработено |
| Егзонартекс | Необработено |
| Период на функционирање | Необработено |

Трагите од црквата во Режаница биле идентификувани во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. На теренот биле видливи остатоци од црква со димензии 7 x 4 метри, како и камен, варовник и покривни плочи и тули. Наодите на фрагменти од керамички садови ја датираат црквата во доцноантичкиот и ранохристијанскиот период.[154]

[154] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 177.

### 7.4.4. Траги од црква во Секишта

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Секишта |
| Општина | Елез Хан |
| Село | Секишта |
| Y | 42.14330556000 |
| X | 21.29316667000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |

Трагите од црква во Секишта биле идентификувани во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. Поради бујната вегетација нема податоци за оваа градба. [155]

[155] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 178.

### 7.4.5. Траги од црква во Крилево

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Траги од црква во Крилево |
| Општина | Каменица |
| Село | Крилево |
| Y | 42.67686111000 |
| X | 21.46291667000 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | Ранохристијански |
| Димензиите | Необработено |
| Број на бродови | |
| Ориентаија | Необработено |
| Форма | Необработено |
| Апсида | Необработено |
| Нартекс | Необработено |
| Егзонартекс | Необработено |
| Период на функционирање | Необработено |

Трагите од црква во Крилево биле идентификувани во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. При евиденцијата биле забележани остатоци од темелите. Црквата била изградена од необработени големи парчиња камен со димензии 1 x 0,8 метри, поврзани со варов малтер. Според информациите на ова место постоел хеленистички култен споменик кој бил искористен како ранохристијанска црква, а потоа и како објект во средновековниот период. [156]

[156] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 258.

### 7.4.6. Црква во Комоглава

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Црква во Комоглава |
| Општина | Урошевац |
| Село | Комоглава |
| Y | 42°20’34.5”N |
| X | 21°12’59.1”E |
| Законската заштита | N/A |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | необработено |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | |
| Ориентаија | исток-запад |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 66. Поглед на локацијата на црквата во Комоглава (АМР, 2017)

Црквата позната како „Црквата во Комоглава“ била идентификувана во текот на рекогносцирањето спроведено во 2017 година од страна на косовскиот Институт за археологија. Во текот на оваа евиденција биле забележани само траги од објект, но нема никакви информации за самата градба. Околу локалитетот биле откриени мноштво керамички фрагменти од раносредновековниот период.[157]

[157] Instituti Arkeologjik i Kosoves: *Harta Arkeologjike e Kosoves Vellimi 3.* Prishtina: Ministria e Kultures, Rinise dhe Sportit, 2017, 36.

### 7.4.7. Римска црква во Плешиња

| | |
|---|---|
| Името на објектот | Римска црква во Плешиња |
| Општина | Урошевац |
| Село | Плешиња |
| Y | 42°20’40.2 |
| X | 21°06’22.1 |
| Законската заштита | n/a |
| Степенот на истраженост | Идентификувани |
| Периодот | необработено |
| Димензиите | необработено |
| Број на бродови | необработено |
| Ориентаија | необработено |
| Форма | необработено |
| Апсида | необработено |
| Нартекс | необработено |
| Егзонартекс | необработено |
| Период на функционирање | необработено |



Слика 67. Остатоци од црквата во Плешине (AMK, 2017)

